Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
## од 432-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, февруари 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 28.02.2023, вторник во 09:30 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател;
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член;
- **Ханиф Зендели**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Зоран Герасимовски**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Оправдано отсутни членови:

- **Сашко Георгиев**, член *(во очекување да се приклучи на седницата)*;
- **Мери Радевска**, член *(користи годишен одмор)*;
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(користи боледување)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **м-р Вера Андрејчин**, советник;
- **Владимир Станковиќ**, државен советник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на друга поширока јавност, и тоа:

- Преставник од **Институт за човекови права**;
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 432-та седница, со предлог истиот да се измени на следниот начин:

Се повлекуваат претставките УПП бр. 467/22, 24/23 и 30/23;

По точка 6 се додава нова точка 7 - Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година.

Точка 7 – Разно, станува Точка 8 - Разно.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека доколку нема пречка Годишниот извештај треба да биде прва точка.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека со истиот предлог како и колегата Селим Адеми смета дека поголема важност и тежина има Годишниот извештај и можеби треба повеќе време да се потроши на Годишниот извештај, па истиот да оди порано. Од истите причини Годишниот извештај е ставен ургентно на тековната седница да се дискутира по истиот.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека на седницата е присутен членот на Советот Сашко Георгиев.*

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека и нејзниот предлог е тој, но по консултација пред седницата со колегите замолено е да Годишниот извештај е последна точка, бидејќи во материјалите е доставен вчерашниот ден, под образложение и на паузата дополнително да се прочита. Укажа дека денешната седница ќе заврши, ќе бидат исцрпени точките од дневниот ред и во насока на колегијалност кон останатите членови, да имаат уште малку време на паузата да го разгледаат Годишниот извештај останува на предлогот.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор Претседателот на Советот Весна Дамева Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записник од 430-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 14.02.2023 година;
2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
3. Одлучување по барање за патни трошоци на судија;
4. Формирање на Комисии за увид и оцена на судии/претседатели на судови во судовите во РСМ - редовно оценување;
5. Формирање на Комисија за утврдување на бројот на слободни судиски места по судови;

6. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
- УПП бр. 387/22, 437/22, 452/22, 4/23, 29/23, 41/23, 52/23;
- УПП бр. 368/22, 445/22, 471/22, 16/23, 53/23, 63/23;
- УПП бр. 448/22, 465/22, 5/23, 27/23, 39/23, 49/23, 77/23;
- УПП бр. 301/22, 366/22, 425/22, 438/22, 449/22, 462/22, 473/22, 7/23, 32/23;
- УПП бр. 394/22, 453/22, 13/23, 47/23, 56/23;
- УПП бр.472/22, 31/23, 44/23, 57/23;
- УПП бр. 439/22, 450/22, 463/22, 34/23, 46/23, 51/23;
- УПП бр. 464/22, 10/23, 43/23;
- УПП бр. 12/23, 23/23, 36/23, 48/23;
- УПП бр. 8/23, 21/23, 33/23, 54/23;
- УПП бр. 15/23, 42/23, 58/23, 67/23;

7. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година;
8. Разно.

**Точка 1**

(Усвојување на Записник од 430-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 14.02.2023 година)

Претседателот на Советот Весна Дамева, отвори расправа по Записник од 430-та седница на Судскиот совет на РСМ од 14.02.2023 година.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева**. Истакна забелешка на стр. 2 од записникот, во делот кај отсутни членови, Беса Адеми, претседател на Врховен суд да се констатира дека е оправдано отсутна, бидејќи кај сите останати членови има наведено, а таму е пропуштено.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека од гласањето се изземени членовите на Советот кои не присуствувале на предметната седница.*

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија)

● По повод 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** информираше дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет се утврди дека за Васил Грчев, судија на Врховен суд на РСМ и за Весна

Стрезовска судија на Основен граѓански суд Скопје се исполнети условите за престанок на судиска функција поради наполнување на 64 години и предложи да се донесат одлуки за престанок по наведениот основ, бидејќи судијата Васил Грчев на 28.02.2023 година полни 64 години, а судијата Весна Стрезовска наполнила 64 години на 27.02.2023 година.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесени се следните:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Васил Грчев, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија на 01.03.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Весна Стрезовска, судија на Основен граѓански суд Скопје на 28.02.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Одлучување по барање за патни трошоци на судија;)

● По повод 3-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** информираше дека од страна на Виолета Крстиновска, судија на Основен суд Ресен е доставено барање за надомест на патни трошоци, бидејќи истата е времено упатена да ја извршува судиската функција во Основен суд Прилеп од 01.02.2023 година, за време од една година од денот на нејзиното упатување. Посочи дека во прилог се доставени сите потребни документи и со оглед дека се исполнети законските услови предложи да се донесе решение со кое барањето се уважува и се утврдува право на надомест на патни трошоци.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на ВИОЛЕТА КРСТИНОВСКА, судија на Основен суд Ресен за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На ВИОЛЕТА КРСТИНОВСКА, судија на Основен суд Ресен СЕ УТВРДУВА- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 01.02.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд

Прилеп, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Ресен-Прилеп и обратно.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Формирање на Комисии за увид и оцена на судии/претседатели на судови во судовите во РСМ - редовно оценување)

● По повод 4-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** информираше дека согласно чл. 77 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека редовното оценување на судијата и претседателот на суд се врши еднаш на четири години, заклучно со крајот на јуни во тековната година, за работата на судиите и претседателот на судот во претходните четири години.

Укажа дека со оглед да последното редовно оценување е завршено заклучно со 2018 година потребно е да се спроведе оценување за наредните четири години, и тоа 2019, 2020, 2021 и 2022 година.

Посочи дека согласно одредбите од чл. 3 до чл. 7 од Правилникот за начинот на формирање на комисија за оцена на работата на судиите и претседателите на судовите бр. 01-1483/1 од 24.09.2021 година, потребно е да се формираат комисии за увид и оценка на судии на основните судови, на судии на апелационите судови, како и на судии на Управниот суд и на претседатели на судови.

Поради тоа, а со оглед дека изборот на комисиите е по пат на ждребување предложи да се пристапи кон ждребување. Со тоа што појасни дека се избираат две комисии од Врховниот суд. Едната комисија за Апелациониот суд Скопје, а другата комисија за останатите три апелациони судови, и тоа Штип, Битола и Гостивар. Понатаму, од апелационите судови ќе се формираат шест комисии, и тоа една комисија од Апелациониот суд Гостивар, една Штип, една Битола. За Гостиварското подрачје од Апелационен суд Гостивар, за Штипското подрачје од Апелационен суд Штип и за Битолското подрачје од Апелационен суд Битола, а од Апелациониот суд Скопје ќе се формираат три комисии и истите ќе бидат една за Основен граѓанскиот суд Скопје, една за Основен кривичниот суд Скопје и една за другите основни судови на ниво на апелационо подрачје Скопје.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека при формирањето на комисиите да се има во предвид член 4 од Правилникот за начинот на формирање на комисии каде е наведено точно и изричито од кои судови треба да бидат формирани комисиите.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека пропуштено е да истакне дека за Управниот суд ќе се формира една комисија од Вишиот управен суд.

Откако повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека предлогот е усвоен и по спроведеното ждребување се донесени следните:

1. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии и претседател на Апелационен суд Скопје во состав од:

- Шпенд Деваја - претседател на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Јелица Крстевска - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Цветанка Периќ - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Африм Фидани - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Сафет Кадрии - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ).

2. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии и претседатели на Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип во состав од:

- Исамедин Лимани - претседател на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Владимир Стојановски - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Беса Адеми - член на Комисијата (претседател на Врховниот суд на РСМ);
- Мирјана Лазарова Трајковска - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ).

3. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии и претседател на Управниот суд во состав од:

- Лидија Георгиевска - претседател на Комисијата (судија на Вишиот управен суд);
- Светлана Костова - член на Комисијата (судија на Вишиот управен суд);
- Субхи Јакупи - член на Комисијата (судија на Вишиот управен суд);
- Емрије Зубери Амити - член на Комисијата (судија на Вишиот управен суд);
- Рина Исени - член на Комисијата (судија на Вишиот управен суд).

4. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии на основните судови на апелационо подрачје Битола во состав од:

- Лилјана Ицкова - претседател на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар);
- Александар Камбовски - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Битола);
- Пакизер Алиоска - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Битола);
- Букурије Ајдини - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје);
- Тони Делев - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Штип).

5. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на претседатели на основни судови на апелационо подрачје Битола во состав од:

- Никола Крстевски - претседател на Комисијата (судија на Апелациониот суд Битола);
- Жаклина Доведен - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Битола);
- Лиле Наумовска - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Битола);
- Зоран Караџовски - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Битола);
- Татјана Сусулеска - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Битола).

6. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии на основните судови на апелационо подрачје Гостивар во состав од:

- Африм Јакупи - претседател на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар);
- Шефајет Хајдари - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар);
- Петре Србиновски - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Битола);
- Ќенанзија Мехмед - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје);
- Софија Манева - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Штип).

7. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на претседатели на основни судови на апелационо подрачје Гостивар во состав од:

- Златко Анѓелкоски - претседател на Комисијата (судија на Апелациониот суд Гостивар);
- Велко Страшевски - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Гостивар);
- Рафиз Идризи - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Гостивар);
- Беким Мехмеди - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Гостивар);
- Изет Исмаили - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Гостивар).

8. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии на основните судови на апелационо подрачје Штип во состав од:

- Абдулбари Рамадани - претседател на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар);
- Данка Ристова - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Штип);
- Мирјанка Гоцевска Стефановска - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Штип)
- Ристе Ристески - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Битола);
- Мелек Алија Елези - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје).

9. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на претседатели на основни судови на апелационо подрачје Штип во состав од:.

- Васка Петрова - претседател на Комисијата (судија на Апелациониот суд Штип);
- Данка Ристова - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Штип);
- Мирјанка Гоцевска Стефановска - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Штип);
- Кирче Донев - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Штип);
- Весна Димитриевска Накова - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Штип).

## 10. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии на Основен граѓански суд Скопје во состав од:

- Агим Мислими - претседател на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје);
- Влатко Самарџиски - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје);
- Виолета Костовска - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Битола);
- Али Алиу - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар);
- Кирче Донев - член на Комисијата (ВД претседател на Апелационен суд Штип).

## 11. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии на Основен кривичен суд Скопје во состав од:

- Шефајет Хајдари - претседател на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар);
- Татјана Дуковска - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје);
- Петранка Ташева - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје);
- Анита Милошевска - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Битола);
- Мирјанка Гоцевска Стефановска - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Штип).

## 12. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии на Основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово и Неготино во состав од:

- Петре Србиновски - претседател на Комисијата (судија на Апелационен суд Битола);
- Ѓорѓи Радојков - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје);
- Санде Зиков - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје);
- Златко Анѓелкоски - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар);
- Данка Ристова - член на Комисијата (судија на Апелационен суд Штип).

13. ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на претседатели на основни судови на апелационо подрачје Скопје во состав од:

- Ѓоко Ристов - претседател на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје);
- Аритон Ала - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје);
- Зоран Димитриевски - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје);
- Лирие Елези Ајрулахи - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје);
- Енвер Амазаи - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје).

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Формирање на Комисија за утврдување на бројот на слободни судиски места по судови)

● Во врска со 5-та точка од Дневниот ред Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека согласно законската надлежност на Судскиот совет на РСМ од член 36 став 1 алинеја 13 од Законот за Судскиот совет на РСМ, истиот е надлежен да го утврдува бројот на потребните судиски места во судовите предлага да се формира Комисија која ќе го утврди бројот на потребните судиски места во судовите при што е потребно да се направи анализа земајќи го предвид вкупниот бројот на потребните судиски места во судовите како и проекцијата на местата кои ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители. За таа цел предлага да се формира Комисија од тројца членови од редот на Судскиот совет на РСМ, но за да нема било каков сомнеж, а законот не кажува формирање на Комисија по пат на ждрепка, се предлага или по пат на избор или по пат на ждрепка.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** предлага по пат на ждрепка.

За збор се јави Членот на Советот **Павлина Црвенковска.** Наведе дека имало многу ситуации кога законот не предвидувал ждрепка, но за да се избегне субјективниот момент се применувало ждрепка.

За збор се јави Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека не треба да се направи пракса само со ждрепка, туку кој член на Советот е по слободен, тој да биде во Комисија.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага двата предлога да се ставаат на гласање, но да се има предвид дека законот не кажува по пат на ждрепка. Ако се оди на тоа дека има сомнеж, таков сомнеж имало и минатата

година, па оттука не случајно законодавецот не предвидел по пат на ждрепка. Смета дека секој член е со интегритет и тука нема сомнеж.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска.** Наведе дека доколку законот вели по пат на ждрепка тогаш да, меѓутоа кога не е предвидено тогаш да се формира комисија од доброволци кои ќе се јават затоа што навистина со оглед на обемот на работа не сите се подеднакво оптеретени. Според членот нема сомнежи.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** за да нема сомнежи предлага првиот предлог по пат на ждрепка, а вториот предлог како што било досега.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** предлага да се даде образложение зошто некои членови се повеќе слободни, а не кои не.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага избор без ждрепка и предлогот го става на гласање. По гласањето констатира дека со 9 гласа "За", 3 гласа "Против", е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ФОРМИРА** Комисија која ќе изврши детална анализа по однос на бројот на потребни судиски места по судови во Република Северна Македонија, во состав од:

**-м-р Ивица Николовски –претседател;**
**- Мирсад Суроји - член и**
**- м-р Миљазим Мустафа –член.**

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Расправа по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот спвет на Република северна Македонија)

● Во врска со 6-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** и даде збор на членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно со 10 гласа "За" и ниту еден глас "Против" е донесена следната:

## О Д Л У К А

Претставка **УПП.бр.08-387/2022.** Во претставката се наведува дека подносителот бил оштетен во постапката по предметот К.бр.346/22 на Основен суд Гостивар. Според него судијата постапувала спротивно на законските принципи односно истата имала прифатено приговор на дополнителна пресуда од осудениот Боби Лазарески од Гостивар. Во дополнителната пресуда донесена на 10.10.2022 година, со која подносителот се упатува на граѓански спор јасно стои правна поука дека приговорот се поднесува во рок од 8 дена од приемот на пресудата. По истекот, на 12-тиот ден подносителот отишол лично во судот, да провери дали пресудата била правосилна, но судијата го известила подносителот дека осудениот на 10-тиот ден донел на рака приговор, а судијата спротивно на правната поука го прифатила истиот со што подносителот бил доведен во позиција повторно да се спори за веќе пресудена работа, која пресуда "де јуре" била правосилна. Оттука смета дека сеуште треба да чека за неговото обесштетување. Потоа на 10.11.2022 година му била доставена покана за рочиште за ден 18.11.2022 година, за која наведува дека била неуредна и неразбирлива односно рачно напишана во делот за достава на докази во однос на штетата. Од увидот во претставката, списите прилог на претставката и одговорот на судијата, Советот најде дека во постапката по предметот К.бр.346/22 на Основниот суд Гостивар,на ден 12.09.2022 година донесена е пресуда со која обвинетиот го огласил за виновен и му изречил алтернативна мерка – Условна осуда. Пресудата била доставена и до подносителот-оштетениот. Пресудата не содржела одлука за имотно правно побарување, а согласно одредбата од член 499 став 2 од ЗКП, судијата донела и дополнителна пресуда на 10.10.2022 година, каде оштетениот бил упатен за евентуалното оштетно побарување да го оствари во граѓански спор. Против пресудата К.бр.346/22 од12.09.2022 година, обвинетиот доставил приговор на 18.10.2022 година. Судот утврдил дека приговорот бил поднесен по истекот на рокот од 8 дена по приемот на пресудата од 12.09.2022 година. Судот на ден 24.11.2022 година одржа главна расправа за одлучување на оштетно побарување, во присуство на сите странки. На главната расправа судот донел решение со кое приговорот на обвинетиот го отфрлил како ненавремен по однос на пресудата од 12.09.2022 година, а со оглед на тоа дека приговорот против дополнителната пресуда бил навремен и дополнителната пресуда е донесена само за одлуката за имотно-правното барање, судот одржал главна расправа само за изведување на доказите за оштетното побарување. По завршувањето на истата, донесена била пресуда на ден 24.11.2022 година,со која подносителот-оштетениот за предјавеното оштетно побарување да се упати на граѓански спор, а согласно член 112 од ЗКП. Против одлуката подносителот има право на вложување на правен лек, па воедно наводите во претставката судот ќе ги има предвид при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-437/2022.** Во претставката подносителката изразува незадоволство од работата на Основен суд Струмица по преметот К.бр.507/22. Наведува дека предметот бил започнат на 03.07.2018 година, а на

29.04.2021 година кога требало да има завршни зборови, Јавниот обвинител барал одложување на главната расправа, кое судот го прифатил за 07.05.2021 година. Но судот не донел решение за запирање на постапката. После 3 години од судијата подносителката дознала дека лицето не бил потписник на договорот за поклон како поклонопримател, кој факт бил утврден со графолошко вештачење. По доставено барање за заштита на законитоста до Врховен суд на РСМ од страна на Јавниот обвинител на РСМ, истиот донел пресуда Кзз.бр.10/22 од 21.09.2022 година со која истото било уважено и пресудите на пониските судови биле укинати. Подносителката е незадоволна што Основниот суд Струмица со решение К.бр.507/22 од 03.11.2022 година одлучил спротивно на насоките на Јавниот обвинител на РСМ и одлуката на Врховен суд на Република северна Македонија. Од увидот во претставката и прилозите на истата, Советот најде дека првостепениот суд постапувајќи по напатствијата на пресудата на Врховниот суд на РСМ, Кзз.бр.10/22 од 21.09.2022 година донел решение К.бр.507/22 од 03.11.2022 година со кое останало во сила запишаното заложно право врз недвижниот имот на Имотен лист бр.2774 за КО Струмица, а ги укинал привремените мерки определени со решение К-ПП.бр.2/19од 09.01.2019 година на судија во претходна постапка. Против ваквото решение подносителката има право на жалба до второстепениот суд, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето, а видно од Контролникот на судови, изјавена е жалба на 18.11.2022 година. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-452/2022.** Да се извести подносителот дека Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 28.02.2023 година и по расправата констатира дека е најсоодветно претставката да се архивира со службена белешка. До Судскиот совет на РСМ доставена е претставка во која се наведува дека пред Основниот граѓански суд се води постапка по предмет ВПП1.бр.15/22, за физичка делба на улица, започната од предлагачи Њу Вej инженеринг ДОО Скопје и Финети Груп ДОО Скопје против противниците физички лица, меѓу кои и подносителот на претставката. Подносителот наведува дека се дрзнале да делат и сечат улица што е недозволиво согласно законската регулатива, како и дека судот се злоупотребува како параван за реализација на незаконита состојба предизвикана од повеќе учесници-за која се води управна постапка пред Општина Карпош. Судскиот совет на РСМ со допис од 03.01.2023 годинасе обрати до подносителот да ја дополни (прецизира) претставката во однос на тоа во што се состои незадоволсвото во врска со постапувањето на судот по конкретниот предмет, кое е испратено до подносителот согласно адресата наведена во претставката. Бидејќи дописот беше вратен од пошта со назнака “Непознат”, Советот вторпат се обрати со допис од 20.01.2023 годинада ја дополни (прецизира) претставката. Меѓутоа дописот повторно беше вратен од пошта со назнака “Непознат”. Од овие причини е најсоодветно претставката да се архивира. Подносителот може

повторно да се обрати до Судскиот совет на Република Северна Македонија и да поднесе нова претставка. Службена белешка. До Судскиот совет на Република Северна Македонија, со претставка заведена под УПП.бр.08-452/2022 од 03.02.2023 година се обрати Горан Серафимовски од Скопје во која меѓу другото наведува незадоволство од работата на Основниот граѓански суд Скопје по предметот ВПП1.бр.15/22. Претставката Советот ја разгледа на седницата одржана на ден 28.02.2023 година и по расправата констатира дека истата е најсоодветно да се архивира. Имено, Советот со допис од 03.01.2023 година се обрати до подносителот да ја дополни (прецизира) претставката во однос на тоа во што се состои незадоволсвото во врска со постапувањето на судот по конкретниот предмет, кое е испратено до подносителот согласно адресата наведена во претставката. Бидејќи дописот беше вратен од пошта со назнака “Непознат”, Советот вторпат се обрати со допис од 20.01.2023 година да ја дополни (прецизира) претставката. Меѓутоа дописот повторно беше вратен од пошта со назнака “Непознат”. Од овие причини, бидејќи подносителот не постапи по барањето за дополнување-прецизирање, најсоодветно е предметот да се архивира. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

**Претставка УПП.бр.08-4/2023.** Подносителот со изјавената претставка и нејзиното прецизирање, изразува незадоволство од работата на Основен граѓанскисудСкопје, по предметот МАЛВП.бр.1375/22 и бара да се забрза постапката по предметот. Од увидот во претставката, прилозите кон истата и од увидот во софтверската апликација – Контрола на судови, Советот најде дека по поднесена тужба на 14.07.2022 година, со основ долг, првостепениот суд донел одлука МАЛВП.бр.1375/22 на 16.12.2022 година. Против истата е поднесена жалба на 04.01.2023 година. Со оглед на тоа дека постапката е по жалба, а наводите во претставката воедно преставуваат и жалбени наводи, второстепениот суд ќе ги цени како такви при одлучување по жалбата. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-29/2023.** Подносителката наведеува дека Основниот суд Битола постапувајќи по предметот П1.бр.18/18 донел решение на 20.09.2022 година, кое подносителката го примила на 07.10.2022 година. Против оваа одлука поднела жалба до второстепениот суд. Како дополнение на жалбата доставила и барање за изземање на судиите на Апелациониот суд Битола, меѓу кои и претседателот на судот.Бидејќи не добила одлука по барањето за изземање се обратила лично до судот, по што и било кажано дека не била донесена одлука по изземањето. Поради тоа доставила копија од истото барање до секретарката на судот на 19.12.2022 година. Подносителката наведува дека Претседателот на второстепениот суд свесно и намерно се обратил до Врховниот суд на Република Северна Македонија, а како доказ го доставил барањето за изземање во фотокопија, кое подносителката го доставила само заради потсетување на Претседателот на второстепениот суд да одлучи по барањето за изземање заедно со жалбата. Според подносителката Претседателот на второстепениот суд наместо да го разгледна предметот по жалба и да одлучување по оргиналното барање за изземање, тој се повикал на барањето за изземање на фотокопија од оригиналното барање од 19.12.2022 година. Оттука подносителката смета дека наведеното го

направил со цел да и нанесе штета на подносителката. Подносителката исто така наведува дека  Претседателот на Апелациониот суд Битола, во својата изјава навел дека подносителката со посебен поднесок побарала изземање, а не во рамките на самата жалба со намера да го донесе во заблуда Претседателот на Врховниот суд на РСМ дека барањето е недозволено, видно од решението на Врховниот суд на РСМ, Су.Изз.бр.159/2022 од 28.12.2022 година со кое барањето за изземање се отфрла. На тој начин Претседателот на Апелациониот суд Битола, се стекнал со право тој да постапува по барањето на подносителката за изземање на судиите и истото да го отфрли. Од увидот во претставката и прилозите кон претставката, Советот најде дека против одлуката на Основниот суд Битола П1.бр.18/18 од 20.09.2022 година подносителката поднела жалба на 20.10.2022 година, а на 21.10 2022 година поднела барање за изземање на  судиите. Правилно по барањето за изземање на претседателот, списите се доставени на одлучување до Врховниот суд на РСМ, а по донесената одлука Су.Изз.бр.159/2022 од 28.12.2022 година, со која е отфрлено барњето за негово изземање, претседателот на Апелациониот суд, одлучил по барањето на подносителката за изземање на останатите наведени судии на тој суд. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-41/2023.** Претставката да се затвори со Службена белешка. Имено, до Судскиот совет на Република Северна  Македонија, со претставка  заведена под УПП.бр.08-41/21 од 31.01.2023  година,  се обрати анонимен подносител, која Советот  ја разгледа на седницата одржана на ден 28.02.2023 година, а по расправата по истата се констатира дека најсоодветно е истата да се архивира. Во конкретниот случај се работи за анонимна претставка во која се изразува незадоволство од постапување на Управниот суд Скопје при што се наведуваат паушални наводи, а воедно не се работи за прашање од јавен интерес. Со оглед на наведеното,Судскиот совет на Република Северна  Македонија, согласно член 8 од Законот за постапување по претставки и предлози (Сл. весник на РМ бр. 82 од 8 јули 2008 год.) констатира дека најсоодветно е предметот да се смета за завршен и истиот да се архивира. За наводите во претставката, писмено да се извести координаторот за Управниот суд Скопје.

**Претставка УПП.бр.08-52/2023.** Видно од самата претставка, каде се изразува незадоволство од работата на Основниот суд Неготино по предметот К.бр.119/22, Судскиот совет на РСМ најде дека на подносителот веќе му е одговорено со известување УПП.бр.08-433/22 од 03.02.2023 година, а од одржана седница на Советот од 26.01.2023 година. Бидејќи во оваа нова претставка од 03.02.2023 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, во смисла на чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози (“Сл. весник на РМ”бр.82 од 8 јули 2008 год.), постапувањето  од  страна на Судскиот совет на Република  Северна Македонија нема да се повтори. Службена белешка. До Судскиот совет на Република Северна Македонија, со претставка од 03.02.2023 година подносителот наведува незадоволство од работата на Основниот суд Неготино по предметот К.бр.119/22. Претставката Советот ја разгледа на седницата одржана на ден 28.02.2023 година и по расправата констатира дека истата е

најсоодветно да се архивира. Имено, Советот констатира дека по претставка, за исти факти и околности, заведена под УПП.бр.08-433/22 од 13.12.202 година подносителот бил известен на 03.02.2023 година. Во конкретниот случај, од причини што во претставката УПП.бр.08-52/1 од 03.02.2023 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Сл. весник на РМ" бр.82 од 8 јули 2008 год.), а за што впрочем на подносителот по претставката му било одговорено со известување УПП.бр.08-433/22 од 03.02.2023 година, најсоодветно е предметот да се архивира.

Претседателот на советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **Ханиф Зендели** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето се констатира дека едногласно со 11 гласа "За" и ниту еден глас "Против" е донесена следната:

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.08-16/1.** Со оглед на тоа дека претставката, поднесена од подносителот и заведена во Советот под УПП бр.08-16/1 од 13.01.2023 година се однесува на прашања на кои веќе е одговорено на подносителот и во истата не се наведуваат нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по преставката. Поради наведените причини предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

Претставка **УПП бр. 53/2023.** Постапувајќи по преставката, Судскиот совет на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 28.02.2023 година констатира дека станува збор за анонимна претставка од причини што во истата не се наведени имиња и презимиња на подносителите и нивни потписи, ниту адреса и печат на Комората, туку е наведено само „Подносителите се членови на Адвокатската комора на РСМ". Во чл.8 ст.1 од Законот за постапување по претставки и поплаки е предвидено дека „органот кој постапува по преставките и предлозите не постапува по анонимна претставка, односно предлог, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврден со закон". Во конкретниот случај со оглед на околноста дека станува збор за анонимна преставка, Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира дека предметот УПП.бр.08-53/2023 од 03.02.2023 година треба да се смета за завршен, да се затвори со службена белешка и да се архивира. Воедно, со оглед на околноста да во конкретниот случај станува збор за прашање од јавен интерес во смисла на горецитираната одредба од чл.8 ст.1 од Законот за постапување по претставки и поплаки на седницата е

донесен заклучок претставката да се проследи до координаторот надлежен за следење на работата на Апелационен суд Штип за натамошно постапување.

Претставка **УПП. бр.08-63/1.** Во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Управен суд по предметот УПР.бр.278/2022 и од судии на Вишиот управен суд по предметот УПРЖ.бр.318/2022. По расправата по преставката и увид во одлуката на Управниот суд доставена во прилог со преставката Советот констатира дека судијата на Управниот суд кој постапувал по конкретниот предмет, врз основа на утврденото, донел одлука која содржи доволно образложени причини за одлученото. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Видно од одлуката на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.318/22 од 16.11.2022 година доставена во прилог со претставката, подносителот го искористил правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до Вишиот управен суд како надлежен второстепен суд. Од наведеното произлегува дека во конкретниот случај се работи за предмет, во кој видно од содржината на претставката и доказите доставени во прилог на истата подносителот го искористил правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до Вишиот управен суд кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Во контекст на изложеното, наводите на подносителот изнесени во преставката се жалбени наводи и истите биле ценети од страна на повисокиот суд, во случајов Вишиот управен суд кој единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка **УПП. бр.08-368/1.** Во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на Основниот суд Тетово, по предметот П 2 – 222/21. Во конкретниот случај видно од апликацијата „Контрола на судови“ станува збор за семеен спор инициран по тужба поднесена во 2021 година. Тужбата во судот е поднесена на 08.04.2021 година и по истата во Основен суд Тетово е формиран предмет заведен под П2 – 222/21. По приемот на тужбата и оформувањето на предмет истиот најнапред бил распределен во работа кај еден судија кој веднаш пристапил кон превземање на дејствија. Потоа следува прераспределба на предметот на повеќе судии кое нешто произлегува и од изјавата на судијата која во моментов постапува по предметот. Судијата кој сега постапува по предметот истиот во работа го примила на 30.09.2022 година. Поради преголем обем на работа во граѓанскиот оддел на судот што било последица на заминувањето на повеќе судии од овој оддел во пензија, судија расправа по предметот закажала за 03.02.2023 година. Од наведеното произлегува дека во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет по кој се постапува и се превземаат процесни дејствија во насока на негово завршување. По завршување на предметот подносителот може да го искористи правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до второстепениот надлежен суд. Ова од причини што Судскиот совет на РСМ нема надлежност да менува толкува или укинува судска одлука. Истата може да биде ценета само од страна на повисокиот суд, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да менува или укинува

првостепена одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка **УПП. бр.08-445/1.** Во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на Основен граѓански суд Скопје по предмет ПЛ1 П.БР.604/21 и на Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ.бр.930/22. Од направените извиди и изјавата доставена од судијата од Основниот граѓански суд Скопје кој постапувал по конкретниот предмет и изјавата доставена од судијата известител од Апелациониот суд Скопје, се утврди дека е постапувано согласно со Законот за парничната постапка, пред се во делот на доставата на спорното решение НПН бр.04/21 донесено од страна на нотар. Во таа насока првостепениот судија во решението ПЛ1 П бр.604/21 правилно констатирал дека доставата спрема должникот е извршена спротивно на чл.137 ст.1 од ЗПП, односно дека предлогот за донесување на решение за издавање нотарски платен налог поднесен од Ваша страна како доверител во таа постапка, заедно со решението донесено од нотарот, НПН.бр.04/21 треба лично да бидат доставени до должникот, односно правилно констатирал дека не било доволно да се констатира дека оставените известувањаво два наврати кои должникот не ги подигнал од доставната служба „Еко Логистик Сервис“ ДООЕЛ значи дека се исполнети условите да се смета дека доставата е уредна во смисла на чл.125 ст.2 од ЗПП. По повод поднесена жалба од подносителот на преставката, судиите на Апелациониот суд Скопје нотарскиот платен налог го вратиле кај нотарот со цел да се изврши уредна достава на решението. Тоа го сториле од причини што при увидот во списите на предметот од страна на второстепениот суд било констатирано дека не е извршена уредна достава, односно дека нотарскиот налог воопшто не бил примен од должникот. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Во конкретниот случај произлегува дека подносителот го искористил правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до Апелационен суд Скопје кој врз основа на сите околности и докази донел одлука, која е јасна, разбирлива и содржи доволно причини за одлученото. Согласно со наведеното Советот не најде елементи за нестручно и несовесно постапување на судиите по конкретниот предмет, поради што преставката е неоснована.

Претставка **УПП. бр.08-471/1.** Во преставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија од Апелационен суд Битола кој во својство на претседател на Совет одлучувал по предметот ГЖ.бр.1341/22 во кој подносителот на преставката се јавува како тужител. Од направените извиди, прибраните докази и изјавата на судијата од Апелациониот суд Битола се утврди дека во жалбената постапка по предметот МАЛ ВП-363/21 по повод поднесена жалба од тужениот во постапката, судиите на Апелациониот суд Битола, како надлежен суд кој само може да менува или укинува одлука во постапка пропишана со закон, врз основа на сите факти и околности донеле одлука, која е јасна, разбирлива и содржи доволно причини за одлученото. Донесената одлука е израз на слободно судиско уверување на судиите кои постапувале по конкретниот предмет. Во конкретниот случај станува збор за сеуште активен предмет кој е вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд. Поради наведеното потребно е подносителот да го

сочека исходот на првостепената постапка и одлуката донесена во истата. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно со наведеното Советот не најде елементи за нестручно и несовесно постапување на судијата по конкретниот предмет, поради што преставката е неоснована.

Претседателот на советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **Зоран Герасимоски** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето се констатира дека едногласно со 9 гласа "За" и ниту еден глас "Против" е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП.бр.08-448/2022.** Во претставката е наведено дека подносителката поднела предлог за издавање на привремена мерка, по претходно поднесена тужба за развод на брак спрема њезниот сопруг од причина што истиот бил пријавен за семејно насилство и со неговите дејства сериозно го загрозува нејзиното здравје. Подносителката била избркана од станот од страна на нејзниот сопруг во кој што заеднички живеела и не и било овозможено да си ги земе личните предмети, како и предметите од нејзниот малолетен син, а била бремена во 7-ми месец. Предлогот за времена мерка бил поднесена на 31.10.2022 година, а главнате расправа била закажана за 18.11.2022 година. Решението било доставено преку системот за е-достава до полномошникот на 14.12.2022 година, што е скоро еден месец подоцна од одржувањето на рочиштето. Оттука подносителката смета дека судијата постапила непрофесионално и нестручно. Подносителката е во фаза на породување, а стварите наведени во предлогот и се неопходни за понатамошно функционирање, како и за функционирање на нејзиниот малолетен син. Во периодот од одржувањето на рочиштето 18.11.2022 година па до приемот на решението 14.12.2022 година со посредство на полномошникот на подносителката и полномошникот на противникот и било дозволено на подносителката да земе дел од личните ствари. Истата била изложени на дополнителни трошоци поради купување на нови ствари односно нова облека за нејзе и нејзиониот син, како и предмети неопходни за исхрана. Паушална и неоснована била констатацијата на судијата дека се работело за предмети стекнати во брак, бидејќи гардеробата и личните предмети не спаѓаат во имот стекнат во брак. Дека подносителката била жртва на семејно насилство, доказ е и записникот за испитување на оштетен КО.бр.505/22 од 18.11.2022 година даден пред Основното јавно обвинителство Штип. Противникот со пресуда со казнен налог бил огласен за виновен по член 144

став 2 в.в.в со став 1 од КЗ. Против истата бил вложен приговор и била закажана расправа за 20.12.2022 година. Од увидот во претставката, прилозите на истата и одговорот на првостепениот судија, Советот најде дека во постапката по предметот на Основниот суд Штип ВПП2.бр.23/22, по предлогот за времена мерка, било донесено решение на 18.11.2022 година. Потоа, по поднесена жалба Апелациониот суд Штип донел решение ГЖ.бр.710/22 од 12.01.2023 година со кое жалбата ја одбил како неоснована и го потврдил првостепеното решение, што значи дека сте го искористиле правото на жалба и постапката е правосилно завршена, заради што претставката е неоснована. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-465/2022.** Во претставката подносителот наведува дека првостепениот суд донел пресуда П1.бр.545/14 од 15.04.2016 година. По поднесена жалба второстепениот суд донел пресуда ГЖ.бр.3921/16 од 06.12.2017 година. Иразува незадоволство од работата на сите судии бидејќи му нанеле голема штета на неговиот стан, иако сите вештачења биле на негова страна. Бара од Судскиот совет на РСМ да се проверат предметите бидејќи според Вас судиите одлучиле крајно нестручно и непристрасно. Од увидот во претставката, прилозите на истата и изјавите на судиите од двата суда, Советот најде дека во постапката по предметот П1.бр.545/14 на Основниот граѓански суд Скопје е изјавена жалба до второстепениот суд, истата е одбиена како неоснована и е потврдена првостепната пресуда. Во пресудата биле наведени доволно образложени причини од кои советот се раководел при одлучувањето. Со оглед на тоа дека го искористил правото на жалба, постапката е правосилно завршена и предметот е архивиран на 20.03.2018 година. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-5/2023.** Во претставката подносителот наведува дека на 20.12.2022 година на домашна адреса Ви биле доставени 2 решенија без пликоа ППНИ.бр.70/22 и ППНИ.бр.74/22 двете од 10.10.2022 година. Во уводот на двете решенија е наведено дека приговорот го поднесувате Вие, а во образложението е наведено дека приговорот го поднесува трето лице од Скопје, што не било точно. Нејасно билао од кои причини Основниот суд Гостивар се огласил за ненадлежен да постапува и предметот го пратил на Основниот граѓански суд Скопје на надлежност, а надлежноста на извршителот била од подрачјето на Основниот суд Гостивар. И на крај, наведува дека не бил испочитуван законскиот рок од 72 часа за одлучување по приговорот, ако се има предвид дека одговорот по приговорот подносителката го добила дури после 2 месеца, бидејќи истиот бил поднесен на 10.08.2022 година. Од извршениот увид во претставката и изјавата на судијата кој постапувал по предметот, Советот најде дека поднела приговор на 08.08.2022 година, а во судот бил примен 09.08.2022 година, по што бил заведен предметот ППНИ.бр.70/22, а потоа судот го доставил приговорот до Извршителот на одговор. Извршителот доставил одговор на приговорот на 05.10.2022 година, по што судот донел решение на 10.10.2022 година со кое се огласил за месно

ненадлежен да постапува по приговорот бидејќи се работело за попис и процена на подвижни предмети во станот на должникот во Скопје, согласно член 86 став 1 од Законот за извршување. По доставен нов приговор од негова страна бил оформен предмет ППНИ.бр.74/22 и по истиот е донесено решение за месна ненадлежност од истите причини. Судот, согласно член 87 став 6 од Законот за извршување, доставил до извршителот примероци од решенијата со задолжение истиот да изврши уредна достава на истите до странките. Со оглед на тоа дека Судскиот совет на РСМ не доби одговор од судот од кои причини во уводот на двете решенија ППНИ.бр.70/22 и ППНИ.бр.74/22 е наведено дека приговорот го поднесува должникот-подносителката, а во образложението е наведено дека приговорот го поднесува трето лице од Скопје, како и тоа зошто не бил испочитуван законскиот рок од 72 часа за одлучување по приговорот, претставката е основана. Од овие причини Судскиот совет на Република Северна Македонија, во врска со предметите ППНИ.бр.70/22 и ППНИ.бр.74/22 на Основниот суд Гостивар, ќе преземе дејствија согласно законските надлежности. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е основана, за што ќе треба да се извести координаторот за наведениот суд.

Претставка **УПП.бр.08-27/2023.** Во претставката подносителот наведува дека на предлог на ДПММП “Бана” ДООЕЛ Скопје, во стечај, за утврдување на правен статус на бесправен објект во стечајна постапка по предметот на Основен граѓански суд Скопје ВПП.бр.26/22, судијата на 27.05.2022 година донела решение со кое го ставила вон сила решението ВПП.бр.26/22 од 11.04.2022 година огласено за правосилно на 13.04.2022 година, го одбила предлогот на предлагачот ДПММП “Бана” ДООЕЛ Скопје и ја здолжил Агенцијата за катастар на недвижности да стави прибелешка во ИЛ.бр.45874 на КО Гази Баба. Наведува дека решението ВПП.бр.26/22 од 27.05.2022 година е незаконито од причина што е донесено спротивно на член 2 став 1 од ЗВП. Предлагачот ДПММП “Бана” ДООЕЛ Скопје поднел благовремена жалба до второстепениот суд. Второстепениот суд донел решениеТСЖ.бр.928/22 од 30.06.2022 година со кое жалбата ја одбиле како неоснована и го потврдиле првостепното решение. Истакнува дека второстепените судии биле должни да внимаваат на правилна примена на метријалното право, како и на повредите на одредбите од парничната постапка. Првостепениот судија без правен основ не можел и не смее сам без овластен предлагач свое правосилно решение да става вон сила и да донесе ново видоизменето решение без да води сметка колкава штета нанесува на предлагачот ДПММП “Бана” ДООЕЛ Скопје. Од увидот во претставката, прилозите на истата и одговорот на второстепените судии, Советот најде дека во постапката по предметот ВПП.бр.26/22 Основниот граѓански суд Скопје донел решение на 11.04.2022 година, против кое било поднесена жалба. Одлучувајќи по истата, Апелациониот суд Скопје донел решение ТСЖ.бр.928/22 од 30.06.2022 година со кое жалбата ја одбил како неоснована и го потврдил првостепното решение, што значи дека подносителот го искористил правото на жалба и постапката е правосилно завршена. Оттука претставката е неоснована. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само

надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-39/2023.** Во претставката подносителката наведува дека Основниот суд Ресен донел алтернативна мерка - судска опомена со решение К.бр.67/21 од 26.04.2022 година врз основа на ЈУ Центар за социјални работи Ресен и тоа не по препораките на Министерството за труд и социјала Скопје туку по желба на таткото. Истакнувате дека на детето му е потребен татко и не сте биле против тоа детето да има контакти со таткото, меѓутоа заради работата во ЈЗУ Охрид од која нема отстапување и покрај навременото известување како на таткото, така и на тимот, не било возможно реализирање на средба итстиот ден, и од страна на таткото со записник од Центарот за социјални работи, сте биле пријавени во Полициска станица Ресен, па преку Јавното обвинителство и судот донесено е решението за судска опомена и парично казнета на сума од околу 70.000,00 денари на име адвокатски трошоци, кое нешто придонесува за секојдневен стрес за неа и детето. Во врска со предметот на Основен суд Охрид П2.бр.22/22 наведува дека како законски застапник на малолетното дете и тужител барала поголем износ на издршка од повеќе причини, и тоа алиментација од 3.500,00 денари која не била доволна ако се имаат предвид средбите, кои биле 4 или 5 во месецот, кога детето имало 2 години, а сега 4 и пол години и заради зголемувањето на животниот стандард, поради потребите на детето и нејзините примања, како и тоа дека сте безимотни. Според нејзе судот без никакви факти и докази го одбил ваквото барање. Второстепениот суд ја потврдил ваквата пресуда без да има предвид дека таткото е имотен односно поседува куќа, друг недвижен имот, кола, а исто така и вработен од 18.11.2022 година. Од увидот во претставката и прилозите на истата, Советот најде дека по двата предмета се донесени второстепени одлуки со кои се потврдени решението на Основниот суд Ресен К.бр.67/21 од 26.04.2022 година односно пресудата на Основниот суд Битола П2.бр.22/22 од 07.10.2022 година, што значи дека подносителката го искористила правото на жалба и постапките се правосилно завршени. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-49/2023.** Во претставката подносителот наведува дека на 16.11.20217 година скучил преддоговор за продажба на недвижен имот во Скопје заверен кај Нотар од Прилеп со нејзината ќерка како купувач. После 3 месеци нотарот побарал согласност од банка во која бил заложен станот, а купувачот направил промена на броилото на ЕВН иако сопственоста сеуште била на име на подносителката. Бидејќи купувачот не постапил согласно преддоговорот, истата отпочнале постапка за раскинување на договорот. На 16.04.2018 година и на 25.04.2018 година повторно сте се обратиле до купувачот, но без успех. Потоа поднела тужба за предавање во владение заведена под П1.бр.505/18, а подоцна другата страна поднела тужба со времена мерка против нејзе и бил заведен предмет П1.бр.287/18 односно П1.бр.288/18, во кој таа е тужена. Наведува дека тужбата против нејзе со времена мерка никогаш не стигнала до нејзе бидејќи поштата не вршела достава. За ова доставила и претставка до Судскиот совет заведена по УПП.бр.857/1, како и до судот. Во постапката по предметот П1.бр.287/18

нејзиниот адвокат на рочиштето од 16.11.2018 година бил задолжен да достави полномошно, иако такво нешто не примил, тој преземал неовластено дејствија во нејзино име кои судот ги прифатил како правно валидни. Оттука сметате дека Адвокатот од Гостивар постапил спротивно на член 4 од договорот за адвокатска награда во кој било предвидено склучување на анекс во случај на негов ангажман во нова постапка. Постапката по предметот П1.бр.288/18 е пред второстепениот суд на одлучување по оформен предмет ГЖ.бр3149/22. На крај, бара од Судскиот совет да ја испита работата на судиите по предметите П1.бр.505/18, П1.бр.287/18 и П1.бр.288/18, како и да се испита начинот на достава во делот на Нотарот, потоа како Адвокат од Гостивар без полномошно преземал дејствија во постапката и зошто повеќе од 1 година немало одлука од судот. Од увидот во претставката и прилозите на истата, Советот најде дека постапката по предметот П1.бр.288/18 на Основниот граѓански суд Скопје е во постапка по жалба по предмет ГЖ.бр3149/22 на Апелациониот суд Скопје, па воедно бидејќи наводите во претставката претставуваат жалбени наводи, второстепениот суд ќе ги има предвид при одлучувањето по жалбата.Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-77/2023.** Во претставката подносителот наведува дека постои основано сомнение дека решението по предметот ПК.бр.18/22 е фалсификувано и адаптирано со злоупотреба на АКМИС системот, злоупотреба со смртта на судијата кој постапувал по предметот и залоупотреба на судиската функција и функцијата Претседател на суд, дотолку повеќе што решението е со датум 31.01.2023 година, а е потпишано со апостроф од друго лице. Предметниот судија доколку го донел решението бил должен истото да го потпише и веднаш да го верифицира во АКМИС системот. Наведува дека неговиот бранител имал секојдневни контатки со починатиот судија и истиот примал дополненија со нови медицински докази заклучно до ден 03.02.2023 година за кои подносителот има докази и во ниеден момент не го известил бранителот дека донел решение. Сето тоа одело на штета на неговиот живот и здравје. На крај, бара од Судскиот совет на РСМ да ги прибави списите по предметот и да биде повикан на јавна седница на Судскиот совет на РСМ кога ќе се одлучува по претставката. Од увидот во претставката, прилозите на истата и одговорот на Основниот кривичен суд Скопје, Советот најде дека во судот се воделе 2 постапки за прекин на издржување на казна. Првото барање било поднесено на 09.08.2022 година, предмет ПК.бр.12/22 и распореден по АКМИС системот кај судија Пајазит Пајазити. ОЈО дало мислење да се уважи барањето доколку судот обезбеди конзилијарно мислење од доктори специјалисти. По извршени извиди и обезбедени медицински мислења било донесено решение ПК.бр.12/22 од 04.10.2022 година со кое барањето било одбиено како неосновано. Ваквото решение било потврдено со решение на Кривичниот совет КОК-КР.бр.587/22 од 19.10.2022 година. Повторно барање било поднесено на 14.11.2022 година, заведно во судот под ПК.бр.18/22, кој повторно согласно АКМИС системот се паднал кај друг судија. Во прилог на истото имало и конзилијарно мислење за Вашата здравствен состојба. Со годишниот распоред за работата на судот за 2023 година предметите судијата бил распореден да постапува во друг оддел, а неговите предмети биле

прераспределени на останатите судии од одделот за извршување на санкции, по принцип пар-непар и се паднал кај судијата. На 23.01.2023 година од страна на судијата, после повеќе ургенции, конечно било обезбедено конзилијарното мислење изготвено од ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија Скопје. На 24.01.2023 година предметот бил доставен до ОЈО, кој пак дал мислење барањето да се одбие како неосновано. На ден 31.01.2023 година судијата донел решение со кое барањето се одбива како неосновано. Решението е во жалбена постапка. Судијата починал на 05.02.2023 година по што со одлука неговите предмети биле прераспределени на останатите двајца судии од одделот за извршување на санкции, по принцип пар-непар односно предметот се паднал кај судија Бранка Наумовска. Решението од судијата било изготвено на 31.01.2023 година, но не било потпишано од него. Согласно одлуката Су.бр.14/23 од 06.02.2023 година, усогласената судска пракса и правното мислење на Врховниот суд на РСМ, а заради итност на постапката и доследно почитување на правата на осудените, решението со запирка било потпишано од друг судија. Согласно горенаведеното во постапката по предметот ПК.бр.18/22 судот донел решение на 31.01.2023 година со кое барањето било одбиено како неосновано. Против ваквото решение била поднесена жалба, па со оглед на тоа дека наводите во претставката воедно претставуваат и жалбени наводи, истите ќе ги има предвид Кривичниот совет при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована и да се извести координаторот за наведениот суд.

Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** и даде збор на членот на Советот **Лорета Горгиева** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно со 12 гласа “За” и ниту еден глас “Против” е донесена следната:

**О Д Л У К А**

**Претставка 08-7/23**-Службена белешка. Претставката не е потпишана (има само фотокопија од списи со потпис) од причини што во претставката се изразува незадоволство од постапување по предмети од 1957 година, како и од 1977 година, кои се надвор од роковите за поведување постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд предвидени со член 61 од Законот за Судскиот совет на РСМ (Службен весник на РСМ бр. 102/2019 година), следуваше предметот да се архивира.Доставено е известување до подносителот –по дипломатски пат, преку Министерство за правда на РСМ од причина што подносителот живее во Перт-Австралија.

**Претставка 08-32/23**-Службена белешка. Советот постапил и доставено му е известување на подносителот УПП.бр. 08-379/22 од 27.12.2022 година.Во конкретниот случај, од причини што во претставките заведени под УПП.бр.08-32/1 од 24.02.2023 година и УПП.бр.08-32/2 од 03.02.2023 година и ургенцијата заведена под УПП.бр. 08-32/3 од 28.02.2023 година, разгледани на седница на Советот одржана на ден 28.02.2023 година, не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози (Сл. весник на РМ бр. 82 од 8 јули 2008 год следуваше дека најсоодветно е предметот да се архивира.Доставено му е и известување на подносителот дека претставката е архивирана.

**Претставка 08-301/22**. Се работи за барање за изземање од постапување на судијата поднесено од страна на подносителот, било усвоено и предметот бил распореден во работа на друг судија, а по кажување на одговорниот работник во судската писарница судијата бил известен дека предметот ППОВ-1/22 се наоѓа во Апелациониот суд суд Гостивар, по вложена жалба. Воедно на судијата за која се однесува претставката , со Решение на Судскиот совет на РСМ бр. 02-2094/1 од 07.12.2022 година и бил утврден престанок на судиската функција, поради исполнување на услови за старосна пензија, а Решението влегло во сила од 07.12.2022 година.Воедно во известувањето од судиите на судечкиот совет на Апелациониот суд Гостивар, кој постапувал по предметот Гж.бр. 319/20, истиот по автоматска распределба бил доделен на работа на судија како известител при што на седница на судечкиот совет одржана на ден 02.04.2020 година едногласно била донесена одлука со која жалбата се уважува, а решението на Основен суд Тетово ППОВ.7/2019 од 06.09.2020 година се укинува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување. По однос на конкретната одлука не се работи за мериторно одлучување и конечно решавање на еден спор, туку за решение по предлог за повторување на постапката, што значи дека нема конечен исход туку после истата одлука, постапката продолжила со одлучување по истиот предлог за повторување на постапката, согласноодредбите од ЗПП. Воедно согласно член 13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука согласно наведената законска одредба може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, како што во конкретниот случај е постапено. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

**Претставка 08-366/22**. Се работи за предметот ППНИ-29/22 по барање за добивање дозвола за преземање на извршно дејствие од извршител од Охрид, било констатирано дека против подносителот на претставката како должник, во извршниот предмет И.бр.1576/2018 било поднесено барање за извршување од доверител – Комерцијална банка –АД Скопје , врз основа на извршна исправа ОДУ бр. 189/08 од 11.07.2008 година за наплата на парично побарување за реализација на заложно право – хипотека. Извршителот одржал продажба на недвижност и донел Заклучок за извршена продажба од 01.10.2021 година и Заклучок за предавање во владение од 04.10.2021 година. Заради намирување на побарувањето било потребно извршителот да преземе дејствие во станот на должникот со испразнување и предавање на недвижност во владение на купувачот, па согласно член 84 од ЗИ побарал од претседателот на ОС Охрид да даде писмена дозвола за преземање на наведеното извршно дејствие.

Претседателот на судот донел решение ППНИ -29/22 од 25.02.2022 година , со кое е усвоено барањето на извршителот , кое се состоело во испразнување и предавање на недвижноста опишана во изреката на решението и определено било дека дозволата ќе важи во периодот од 01.04.2022 година до 01.05.2022 година. Претседателот на судот нема обврска за доставување на Решението за издавање дозвола за спроведување на извршувањето , бидејќи Решението со кое се усвојува односно се издава дозвола за извршување се доставува само на извршителот.Уписникот во кој барањето за добивање дозвола за извршување било заведено под ППНИ, а не под ИДС, затоа што таков уписник не бил отворен пред ОС Охрид , но тоа ништо суштински не менува во конкретниот предмет, бидејќи не се работи за преклузивен рок, туку во суштина значи дека извршителот во било кој ден од овој период може да го преземе конкретното дејствие. Наводот од претставката дека од образложението во Решението на Основниот суд Охрид ППНИ-29/22 од 25.02.2022 година стоело дека дејствијата за испразнување и предавање на недвижноста биле насочени против заложниот должник не е основан, имено во решението дозволата за спроведување на извршување се однесувала спрема должникот – подносител на претставката.Со оглед на наведеното, Советот нема ингеренции да интервенира во судските одлуки ниту пак да ги менува истите, па во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

**Претставка 08-425/22**. Согласно електронската распределба за работа во работа на судијата му бил доделен предметот К.бр.244/22 против обвинет за кривично дело по член 288 ст. 1 од КЗ, кој веќе е правосилен од 18.11.2022 година и извршен од 05.12.2022 година. Наведено е дека како судечки судија по наведениот предмет постапувал согласно законот и не учествувал и одлучувал во врска со притворот или некоја друга мерка освен барање до кривичен совет за продолжување на мерката притвор и одлуката односно Пресудата што ја донел од 27.10.2022 година е по признание на обвинетиот.Воедно во конкретниот случај доколку Јавното обвинителство не побарало да се определи притвор, судот се произнел само во делот и по однос на барањето на Јавното обвинителство. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

По претставка 08-438/22-службена белешка - Со оглед на тоа дека адвокат нема доставено полномошно, а согласно Заклучокот на Советот бр. 02-2153/1 од 15.12.2022 година - полномошникот кој доставил до Советот претставка должен е да достави и уредно полномошно од подносителот кој го застапува, односно од чие име и за чија сметка е изразено незадоволство во претставката , истиот со допис УПП.бр. 08-438 од 28.12.2022 година беше известен за наведеното од Заклучокот.Воедно , во дописот е наведено дека доколку полномошникот не достави до Советот полномошно во рок од 8 дена , ќе се смета дека се откажал од претставката и истата ќе се архивира.Во конкретниот случај , како до денот на одржување на седницата 28.02.2023 година подносителот нема доставено полномошно, следуваше истата да се архивира.

**Претставка 08-449/22**. Службена белешка. Во конкретниот случај било констатирано претставката да се достави до Врховниот суд на Република Северна Македонија, на нивно понатамошно постапување , со оглед на тоа дека подносителот во претставката бара пренесување на месна надлежност на

Основен суд Битола, на друг суд од друго апелационо подрачје за што Советот не е надлежен. Доставено е и известување до подносителот на претставката.

**Претставка 08-473/22**. Според наводите во претставката судијата кој постапувал по предметот ВПП1-20/21 сите списи - податоци ги внесувал во АКМИС системот благовремено, имено одлуката е објавена на 29.11.2022 година, завршната одлука е од 05.12.2022 година, а жалба е примена во судот на 26.12.2022 година .Од спроведените извиди се констатира дека во тек е жалбена постапка, па со оглед на истото донесената одлука ќе биде предмет на оценка од страна на повисокиот суд.Имено, согласно чл.13 ст ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Од овие причини претставката е неоснована.

Претседателот на советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето се констатира дека едногласно со 12 гласа “За” и ниту еден глас “Против” е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.08-394/22** каде подносителот изразува незадоволство од работата на судија на Основен суд Велес по предметот П1.бр.35/19. Од увидот во претставката и прилозите на истата, Советот најде дека судијата на Основен суд Велес кој постапувал по предметот П1.бр.35/19 е разрешен од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија по поднесено барање за утврдување одговорност, а во врска со предметот П1.бр.35/19. Со оглед на тоа да посочениот судија е разрешен од судиската функција, Судскиот совет на Република Северна Македонија одлучи по претставката да не се постапува и истата да се архивира.

Претставка **УПП бр.08-453/22** во која се изразува незадоволство од постапување на Управниот суд по предмет У-2 бр.625/2021 .Од прибавена изјава на судијата кој постапува по предметот произлегува дека тужбата поднесена на 07.10.2021година и согласно Електронскиот систем за распределба на предметите истиот бил во работа кај друг судија кој на 20.12.2021година тужбата ја доставил на одговор до тужениот орган, а на 12.01.2022 година по истата до тужениот орган доставил и ургенција за достава на списи. Исто така од страна на судот на 09.11.2021 година било доставено до тужителите и Барање за уредување на тужба по кое истите на 19.11.2021 година постапиле и доставиле Поднесок за уредување на тужбата. На основа на нов распоред за работа на судиите истиот овој предмет на 16.05.2022 година по електронски пат е доделен на работа на судечкиот судија распределен со акт Су бр.02-04-88/22. По извршен физички прием на овој како

и на други судски предмети во таа прилика, од страна на судечкиот судија бил извршен увид во предмети кои му биле прераспоредени, така што, во постапување ги земал предметите со постар датум, како и предмети за кои согласно закон постојат итни рокови за постапување - експропријација, предмети со времени мерки и сл., дотолку повеќе што на овој предмет, согласно можноста што ја дава Судскиот деловник не бил ставен печат за определен приоритет односно за негово приоритетно решавање. Со оглед да со тужбата на тужителите се бара Судот да донесе одлука на местото на органот кој тоа не го сторил во законскиот рок во смисла на член 60 став 2, 5 и 6 од Законот за управните спорови, а списи од страна на органот сеуште не се доставени, од страна на судот на 20.01.2023 година е повторена ургенцијата за достава на списи до органот со единствена цел списите да бидат прибавени и на основа на истите да се донесе одлука согласно поставениот тужен петитум, односно да се донесе одлука во полна јуридикција со која во целост ќе се реши конкретната управна работа при што судот при одлучување ќе донесе одлука наместо тужениот орган кој пропуштил тоа да го стори, а заради што и била доставена тужбата на тужителите заведена под У-2 бр. 625/21.Судијата наведува дека доколку повторно не се постапи по барањето на судот , судот ќе донесе одлука во која покрај одлуката за главната работа , ќе следи и примена на одредбите од Законот за управни спорови кој предвидува казнување и на раководното лице на органот кој не доставува списи до судот.Советот констатира дека е основана претставка и истата ќе биде проследена до членот на Советот, координатор на работата на Управниот суд на запознавање и натамошно постапување.

Претставка **УПП бр.08-13/23** е со предлог барање Судскиот совет на Република Северна Македонија да реагира во граѓански предмет на Основен суд Берово а кој по жалба се наоѓа во Апелациониот суд Штип.Имено, Основниот суд Берово по предметот МАЛВП-44/20 оформен по тужба на подносителот за надомест на штета донел пресуда од 28.01.2022 година со која тужбеното барање на тужителот се одбива како неосновано. Тужителот незадоволен од донесенета одлука поднел жалба до Апелациониот суд Штип. На 05.09.2022 година тужителот се обратил со барање до претседателот на Апелациониот суд Штип за да добие одговор под кој број е заведен предметот и во која фаза се наоѓа. На 07.09.2022 година од страна на Апелациониот суд Штип до подносителоот бил доставен одговор дека предметот во Апелациониот суд Штип е примен на 01.04.2022 година, заведен под ГЖ бр.206/22 и судска одлука сеуште не е донесена бидејќи по предметот постапуваат тројца судии кои се недоволни за постапување по предметите од подрачјето на Апелациониот суд Штип. Советот најде дека претставката е основана и истата ќе биде проследена до членот на Советот, координатор за работата на Апелациониот суд Штип на запознавање и натамошно постапување.

Претставка **УПП-08-47/23** од анонимен подносител насловена како поднесок во врска со судење по предмет на Основен кривичен суд Скопје К-1407/19 , Советот на седницата одржана на ден 28.02.2023 година одлучи да не се постапува по истата.Ова од причина што согласно член 8 од Законот за постапување по претставки и предлози (“Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) органот не постапува по анонимна претставка освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврден со закон.

Претставка **УПП бр.08-56/23** се изразува незадоволство од судии на Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ-3847/22 донеле решение со кое се одбива жалбата на подносителот и се потврдува првостепеното решение на Основен суд Кратово.Од прибавена изјава на судиите во советот при Апелациониот суд Скопје произлегува дека наводите се неосновани. Овој суд со донесеното решение ГЖ-3847/22 од 16.12.2022година жалбата на должникот ја одбиле како неоснована ,а го потврдиле решението на Основен суд Кратово ППНИ бр.5/22 од 02.09.2022 година од причина што надлежниот извршител налогот за извршување го донел врз основа на член 149 од Законот за извршување, бидејќи нотарското решение НПН бр.251/22 било правосилно и извршно на ден 12.08.2022 година и на истото се наоѓа клаузула на правосилност и извршност. Како првостепениот суд така и Апелациониот суд Скопје го ценеле жалбениот навод дека извршната исправа НПН бр.251/22 не е правосилна и извршна, но го одбиле како неоснован од причина што од приложените докази утврдиле дека извршната исправа е правосилна и извршна. Во однос на наводот дека клаузулата правосилност и извршност на решението НПН 251/22 е укинат со решение од 22.08.2022 година судиите неможат да се произнесат од причина што во времето кога одлучувал Основниот суд Кратово по приговор на должникот и Апелациониот суд Скопје по изјавената жалба против решението на Основен суд Кратово, подносителот на претставката не постапил во смисол на член 86 став 2 од Законот за извршување, а во врска со член 205 став 1 од ЗПП, приговорот не го поткрепил со докази, ниту пак кон жалбата приложил доказ со кој го потврдува жалбениот навод.Предвид наведеното, Советот најде дека наводите во претставката се неосновани.

Претседателот на советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **Сашко Георгиев** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот.

Предлогот на известителот **Сашко Георгиев** претставките УПП бр.472/2022, УПП бр.08-44/2023 и УПП бр.08-57/2023 да се одбијат како неосновани е усвоен едногласно со 11 гласа “За” и ниту еден глас “Против”.

За предлогот на известителот **Сашко Георгиев** претставката УПП бр.08-31/2023 да се смета за основана се гласа поединечно. Со 8 гласа ”За” и 3 “Против” е одлуката е донесена со мнозинство.

Согласно наведеното донесена е следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.08-31/1.** Во преставката се изразува незадоволство од начинот на постапување на судија на Основен суд Гостивар по предметот МАЛВПП 1-114/22. Од направените извиди и изјавата доставена од судијата од чие постапување се изразува незадоволство произлегува дека предметот го примил на ден 21.07.2022

година. Веднаш по приемот на предметот истиот го доставил до тужениот за одговор на тужба, а со оглед на околноста да се работело за предмет од мала вредност истовремено закажал и рочиште за 21.09.2022 година за што доставил покани до странките. Предметот бил завршен на едно рочиште- 21.09.2022 година, а пресудата била објавена на 26.09.2022 година. Видно од пресудата МАЛВП-114/22 од 26.09.2022 година доставена од страна на судијата во прилог со неговото произнесување произлегува дека пресудата е изготвена и дека се наоѓа во фаза на достава. Од наведеното произлегува дека во конкретниот случај не станува збор за судење во неразумен рок од причини што предметот е завршен и тоа со одржување само на едно рочиште. Станува збор за сеуште активен предмет, во кој доколку подносителот е незадоволен од донесената првостепена одлука има можност да го искористи правото на контрола на истата со поднесување на жалба до второстепениот Апелационен суд Гостивар. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е основана.

Претставка **УПП бр.08-44/1.** Во преставката се изразува незадоволство од начинот на постапување на судија на Основен кривичен суд Скопје, по предметот ПРК.бр.1052-Ј. Од изјавата на судијата која постапувала по предметот и увидот извршен во записникот за главен претрес одржан на ден 14.11.2022 година се утврди дека обвинетата Сема Ебиби на главниот претрес во смисла на чл.7 од ЗКП била поучена за употреба на својот јазик, дека изјавила дека го разбира македонскиот јазик, дала признание дека го признава прекршокот кој и се става на товар и побарала поблага казна. Воедно, од записникот за главен претрес се утврди и дека обвинетата се откажала од правото на жалба на судската одлука. Согласно наведеното произлегува дека судијата од Основниот кривичен суд Скопје која постапувала по предметот, постапувала во согласност со Законот за странци и Законот за кривична постапка. На обвинетата не и бил овозможен овластен судски преведувач од причини што истата на записник за главен претрес откако била поучена изјавила дека го познава македонскиот јазик, а не и било ускратено ниту правото на одбрана од причини што бил извршен распит на обвинетата од кој јасно произлегува признание дека го сторила прекршокот. Од наведеното произлегува дека судијата кој постапувал по предметот одлуката ја донела врз основа на оцена на сите околности и докази во согласност со Законот. Донесената одлука е јасна и содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководеле судиите при донесување на истата. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување – преиначување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на надлежните судови. Во конкретниот случај неспорно е дека обвинетата се откажала од правото да ја обжали првостепената пресуда со поднесување на жалба до надлежен второстепен суд. Врз основа на утврденото Советот не најде елементи за нестручно и несовесно постапување на судијата по конкретниот предмет.

Претставка **УПП бр.08-57/1.** Во преставката се изразува незадоволство од начинот на постапување на судија на Основен суд Кичево, по предметот ВПП бр.112/05. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување – преиначување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на надлежните судови. Видно од доказите доставени во прилог со претставката, во конкретниот случај

неспорно е дека подносителот го искористил правото на контрола на одлука донесена во првостепената постапка ВПП.бр.112/05, конкретно преку поднесување на приговор до претседателот на Основен суд Кичево против заклучокот за продажба на недвижниот имот донесен од страна на првостепениот судија. Поднесениот приговор од страна на претседателот на судот е сметан како жалба на донесено решение од кои причини предметот со сите списи е испратен до Апелациониот суд Гостивар како надлежен второстепен суд на одлучување.Од наведеното произлегува дека во конкретниот случај одлуката/решението по повод изјавена жалби од страна на подносителот била на преоцена пред второстепениот Апелационен суд Гостивар кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Преставка **УПП бр.472/2022.** Станува збор за анонимна преставка насловена како „пријава". Видно од содржината на преставката произлегува дека станува збор за анонимка која е поднесена против судија на Основен суд Кочани и ОЈО Кочани кои постапувале по предметот К.бр.65/15. Во преставката подносителите наведуваат дека пред Основниот суд Кочани од месец март 2015 година, односно повеќе од 7,5 години се водела кривична постапка К.бр.65/15 во која како обвинет се јавува лицето АС од Кочани, а оштетен е АК од Виница. Подносителите наведуваат дека обвинетиот е познат насилник и силеџија во Кочани ( за кого се воделе и многуу други постапки) и дека истиот вршел терот, насилство, уцени, психичко и физичко малтретирање на оштетениот и неговото семејство и влевал страв кај истиот од кои причини оштетениот поради стравот кој го чуствувал не доаѓал во судот да даде исказ. Во продолжение се наведува дека за тоа е информиран и судијата и ОЈО Кочани кои не превземале никакви активности да создадат можности за безбедно доаѓање на оштетениот и давање исказ од негова страна, односно дека не му е пружена правна и законска заштита. Сметаат дека тоа се прави намерно со цел предметот да застари и дека тие се единствени виновници што многу луѓе трпат уцени и насилство од обвинетиот. Поради наведените причини подносителите бараат одговорност за постапувањето на судијата и ОЈО во конкретниот предмет поради одолговлекување на постапката, неукажување заштита на оштетениот и поради оштетување на државата со правање на огромни трошоци во постапката. Сметаат дека со ваквото постапување судијата и ОЈО се срам за функциите што ги вршат и институциите во кои работат и му прават услуга на обвинетиот. Судскиот совет на Република Северна Македонија по проучување на преставката и одговорот од судијата кој постапувал по предметот, ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден -2023 година и го констатира следното: Од изјавата доставена од судијата на Основен суд Кочани кој постапувал по предметот произлегува дека по предметот К.бр.65/18 најнапред постапувал еден судија од Основен суд Кочани. Кога истата била избрана за претседател на Основен суд Виница предметот бил распореден на постапување кај друг судија. Судијата предметот го примил на 25.01.2023 година и одржал едно рочиште кое од претходниот судија било закажано за 31.01.2023 година. Рочиштето било одложено поради отсуство на оштетениот и сведоците. Од изјавата на судијата произлегува дека по предметот редовно е постапувано и редовно се закажувани рочишта. Со цел обезбедување на услови за одржување на рочиште и завршување на предметот испраќани се наредби до ОВР СВР Виница за обезбедување присуство како на оштетениот, така и на сведоците кои секогаш завршувале безуспешно поради недостапност на сведоците и оштетениот кои се наоѓале надвор од државата. Со цел обезбедување на оштетениот од страна на судот во неолку наврати се издавани и наредби за стражарно приведување кои истотака завршувале безуспешно Од

содржината на изјавата дадена од судијата кој сега постапува по предметот Советот констатираше и дека оштетениот со писмен поднесок од судот побарал повеќе да не му се испраќаат покани ниту нему, ниту на сведоците бидејќи биле надвор од РСМ, дека ја повлекува кривичната пријава против обвинетиот и нема да бара оштета, како и тоа дека од судот бара постапката да биде запрена. Врз основа на гореизложеното имајќи ја предвид околноста дека станува збор за анонимна преставка која се однесува на предмет К.бр.65/18 во кој самиот оштетен со своето однесување придонесува за одолговлекување на постапката и нема интерес истата да биде завршена, како и околноста дека самиот оштетен бара постапката да биде запрена и изјавува дека ја повлекува кривичната пријава Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира предметот да се смета за завршен, а преставката заведена во Советот под УПП.бр.08-472/1 од 29.12.2022 година да се архивира со службена белешка.

Претседателот на советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **Мирсад Суроји** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Заради тоа што немаше техничка можност да се реферираат претставките УПП бр.08-439/2022 и УПП бр.08-463/2023 Претседателот на советот **Весна Дамева** предлага во оопштението да се наведе дека по истите ќе се расправа и одлучува на една од наредните седници.

По гласањето констатира дека со 10 гласа “За” и ниту еден глас “Против” е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП.бр.450/2022**. Се изразува незадоволство од постапување на судија по предметот К.бр.1407/19. Советот најде дека судијата предметот го работи од 01.08.2019 година и првото закажано рочиште е на ден 05.09.2019 година. Поради обемноста на доказниот материјал во предметот има потреба од закажување на голем број главни расправи кои поголем број се одложени поради заболување од Ковид на членовите на судечкиот совет, потоа на двајца обвинети и двајца од бранителите кај кого за еден завршило и со смртен исход.  Бидејќи станува збор за постапка кој е во тек, а воедно одложувањето на постапката е со оправдани и аргументирани докази, и не зависи од судечкиот совет Советот смета дека подносителот треба да го сочека изходот од првостепената постапка. Воедно наводите во претставката можат да бидат жалбени наводи по завршување на првостепената постапка, по кои не е надлежен да постапува. Од овие причини претставката е неоснована.

Претставката **УПП бр.08-34/2023**. Беше разгледана на седница на Советот на ден 28.02.2023 година и притоа беше констатирано дека во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесени претставки до Советот од истиот подносител . Согласно член 11 од Законот за

постапување по предлози и претставки кога претставката, Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

Претставката **УПП бр.08-46/2023**. Беше разгледана на седница на Советот на ден 28.02.2023 година и притоа беше констатирано дека во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесена претставка до Советот од истиот подносител. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки кога претставката, односно предлогот се однесува на прашање Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

Претставка **УПП.бр.51/2023**. Се изразува незадоволство од постапување на судија од Основен суд Кавадарци по предметот ВПП 1-16/22. Советот најде дека последното рочиште не се снимало бидејќи немало техничка можност.Со оглед на тоа што постапката по предметот сеуште е во тек, а наводите во претставката можат да бидат предмет на евентуално одлучување по поднесена жалба по завршување на првостепената постапка. Од овие причини претставката е неоснована.

Претседателот на советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 8 гласа “За” и ниту еден глас “Против” е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.08-464/2022** за постапување на судија на Основен кривичен суд Скопје по предметот ПРК-Ј бр.406/20, Судскиот совет на Република Северна Македонија одлучи по претставката да не се постапува. Ова од причина што се констатира дека на ден 29.12.2022 година со писмен допис заведен во Советот под УПП бр. 08-464/4 од 03.01.2023 година подносителот наведува дека поднесената претставка ја повлекува.

Претставка **УПП бр.08-10/23** се однесува на постапувањето на судија на Основен суд Охрид по предмет П4-30/20 и П4-21/21 и судија на Апелациониот суд Битола по предметот ГЖ-1560/22.Од прибавена изјава на судијата на Основен суд Охрид кој постапува по предметите П4-30/20 и П4-21/21 произлегува дека предметот П4-21/21 е предмет кој не е поврзан со подносителот на претставката и очигледно дека се работи за погрешен број на предметот. По предметот П4-30/20 оформен по тужба на 27.05.2020 година. По добивање на точната адреса на тужената, тужбата е доставена на одговор. Од страна на тужената преку нејзиниот полномошник е доставен писмен одговор на тужба со барање судот да ја отфрли тужбата поради правосилно пресудена работа. Судот со решение од 14.12.2020 година ја отфрла тужбата на тужителот, а по вложена жалба од страна на тужителот донесено е решение од Апелациониот суд Битола ГЖ-340/21 од 09.06.2021 година со кое жалбата е

усвоена со напатствија да иако помеѓу истите странки се водени повеќе постапки  кои се правосилно завршени, судот да продолжи со постапувањето бидејќи тужителот го променил правниот основ.Основниот суд Охрид постапувајќи по овие напатствија продолжил со постапување по овој предмет, меѓутоа од страна на тужителот е побарано судот со формално решение да одлучи за тоа дали полномошникот на тужената може да ја застапува истата. Судот на 09.12.2021 година по барање на тужителот донел решение со кое барањето се одбива како неосновано, а по вложена  жалба против ова решение од страна на тужителот, Апелациониот суд Битола со решение ГЖ-195/22 од 28.04.2022 година ја отфрла жалбата на тужителот и го потврдува првостепеното решение.Од страна на тужителот против ова решение е вложена ревизија и предметот се наоѓа пред Врховниот суд на Република Северна Македонија,  па по добивање на списите на предметот од Врховниот суд,  Основен суд Охрид ќе продолжи да постапува согласно одредбите од ЗПП, а  подносителот треба да го сочека исходот на постапката. Претставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-43/23** се однесува на постапување на судија на Основен суд Гостивар по предмет ПРК-42/2022-О. Од прибавена изјава од судијата кој постапува по предметот произлегува дека кога до судот се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка од страна на овластени прекршочни органи, судечкиот судија врши распит само врз обвинетиот, бидејќи секој подносител на барањето за поведување на прекршочна постапка доставува и докази, па врз основа на доставените докази судот одлучува, подносителот на барањето не го повикува , освен ако се закажува устен претрес ако има потреба за разјаснување на фактичката состојба. Во конкретниот случај судечкиот судија нема направено никаков пропуст и не сноси никаква одговорност, бидејќи пропустот е направен од страна на референти во прекршочниот оддел , на место да му ја достават пресудата на подносителот, по грешка пресудата ја доставиле до МВР, ПС Гостивар и по враќање на доставницата, одлуката е огласена за правосилна, поради што судот следуваше да донесе решение ПРК.бр.42/2022-О од 09.02.2023 година за симнување на клаузулата на правосилност од 01.12.2022 година ставена на пресудата ПРК-42/2022-О од 06.10.2022 година согласно член 12 став 3 од Законот за извршување вв член 2 од Законот за прекршоци и предметот се враќа во фаза на доставување на пресуда до подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претседателот на советот **Весна Дамева** и даде збор на членот на Советот **Павлина Црвенковска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот.

Во врска со претставката УПП бр.08-12/2023 **з**а збор се јави членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** кој наведе дали е во согласност со етичкиот кодекс да се истакнуваат такви мислења кога има спротивставување на

различни мислења за одредено правно прашање на семинарите и работилниците кои може да влијаат во создавањето на судската пракса и да доведе до штета на одредени субјекти, така да ова треба добро да се анализира дали таковото однесување е во ред со етичкиот кодекс.

Претседателот на советот **Весна Дамева** репилицираше дека се работи за етички кодекс бидејќи Советот номинира учесници да учествуваат во одредени тела и кај Нотарска комора и кај Извршители и за нивните ставови не го консултираат Судскиот совет или судиите.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** кој наведе дека треба да се прави разлика кога се номинираат учесници да учествуваат во одредени тела, а кога учествуваат во разни семинари, работилници и сл. треба да се внимава бидејќи судијата е судија 24 часа и не треба да прават штета на одредни субјекти и општеството во целина. Затоа предлага претставката да биде основана.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека однесувањето на подносителот на претставката дава одредена тежина бидејќи се работи за Адвокатска комора, а не адвокат. Според наводите во претставката, цитира: "...дури судијата се заканувала на извршителите по приговор на должник налозите ќе ги стави целосно вон сила само поради тоа што се признаени и други трошоци освен трошокот за состав на барањето за извршување". Од друга страна ако е тоа така кажано од страна на судијата како единствен судија во Основниот граѓански суд Скопје на оваа материја, тогаш според членот се јавува сомнеж за законитоста на тие постапки и не може да има наметнување на одреден став.

За збор се јави членот на Советот- **Мирјана Радевска Стефкова.** Наведе дека судијата бил поканет на тие семинари и работилници, а биле присутни и други судии. Судијата го изложила својот став за одредено правно прашање. Тука нема никаква закана и тоа било став на судијата. Тоа е транспарентност на судството. Истиот став бил прифатен и од други судии.

Членот на Советот- **Павлина Црвенковска** наведе дека нема дилема за претставката да биде неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки УПП бр.08-23/2023, УПП бр.08-36/2023 и УПП бр.08-48/2023.

По гласањето констатира дека со 11 гласа "За" и ниту еден глас "Против" се усвоени предлозите на известителот по наведените претставки.

Предлогот на известителот по претставката УПП бр.08-12/2023 го стави на поединечно гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа "За" и 4 "Против" прифатен е предлогот на известителот со мнозинство гласови.

Согласно наведеното донесена е следната:

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.08-12/2023.** Се работи за наводи за дополнителни активности на судијата на семинари и слично. Во врска со наводите за примена на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, па истакнува дека на семинарите, работилниците и советувањата на кои како судија била поканета да учествува, во секој случај учествувале и други судии чии мислења се релевантни во правната фела и целта на истите е преку спротивставување на различни мислења за одредено правно прашање низ конструктивна дебата да се дојде до правилна примена на законските прописи.Во врска со примената на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, своето мислење кое го изложила на одржаниот семинар на извршителите во ноември 2022 година, го изразува и во своите одлуки, кои ги донесувала по приговори поднесени од адвокати-полномошници на должниците. Тоа значи дека и членовите на Комората-адвокатите не биле уедначени по прашањето за трошоците. Наведува дека на околноста дека не станува збор за нејзин изолиран став потврда дава и судската пракса изразена во решенијата на АС Скопје ГЖ.бр. 122/22 од 21.01.2022 година и РОЖ.бр. 135/23 од 18.01.2023 година, а на семинарот нејзиниот став го подржале уште двајца судии.Воедно наведува дека судија не може да биде повикан на одговорност за мислење изразено на семинар пред стручна јавност. Судијата и минатата година била распоредена со Годишниот распоред на Основниот граѓански суд Скопје да одлучува по предмети по Приговори за незаконитости при извршувањето и истата одлучила по 582 предмета, со што ја надминала нормата од 45 предмети месечно и сите одлуки биле донесени во законски рок. Судијата со Одлука за формирање Комисија за изготвување на Граѓански законик на РСМ донесена од Владата на РСМ бр. 41-4490/1 од 31.05.2022 година била именувана за надворешен член на Комисијата , заедно со уште 4 судии на Основниот граѓански суд Скопје, па со оглед на значењето кое го има донесувањето на Граѓанскиот законик на кој се работи изминатите 10 години, за неа тоа значело исклучително признание за нејзината досегашна работа. Исто така дека Судскиот совет во рамките на својата надлежност ја следи и оценува работата на судиите и по однос на наводите кои ги имате наведено во преставката, а кога за тоа Судскиот совет ке оцени дека има потреба превзема мерки и активности согласно законот. Притоа следењето и оценувањето на работата на судијата се остварува без да се наруши независноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција.Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот .

**Претставка УПП бр.08-23/2023.** Се работи за предмет Гж.бр. 864/22 од 16.11.2022 година - основ службеност во конкретниот случај не станува збор за пресудена работа од причина што во вонпарнична постапка само се утврдуваат мерите и гранците за воспоставената службеност, а со донесената пресуда која е кондемнаторна и се налага на тужената да трпи непречено да се оствари службеноста. Со оглед на тоа што наводите во претставката се однесуваат на донесена одлука , согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна

оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува , менува или укинува судски одлуки.Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

**Претставка УПП бр.08-36/2023.** Тужбата по која е заведен конкретниот предмет била поднесена на 09.10.2013 година .Управниот суд со Пресуда У-2 бр. 857/2013 од 18.02.2015 година тужбата на тужителите ја одбил како неоснована.Пресудата била доставена до тужителите и видно од повратницата за достава на пресуда од 29.06.2015 година и била доставена и на подносителката на претставката на која била потпишана со назнака "лично".Против пресудата У-2 бр. 857/2013 од 18.02.2015 година жалба била изјавена од тужителката-подносител на претставката на ден 08.07.2015 година, по која била донесена Пресуда УЖ-1 бр. 14.04.2016 година , со која жалбата се одбива како неоснована. Исто така пресудата на Вишиот управен суд била доставена до тужителката- подносител на претставката на 07.11.2016 година, видно од повратницата за достава на пресуда на која е потпишана тужителката , со назнака- "лично". За останатите тужители од повратниците се констатира дека се вратени со назнака"не барал", што се смета за уредна доставаСо оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

**Претставка УПП бр.08-48/2023** - Службена белешка. Со оглед на тоа дека адвокатот нема доставено полномошно, а согласно Заклучокот на Советот бр. 02-2153/1 од 15.12.2022 година - полномошникот кој доставил до Советот претставка должен е да достави и уредно полномошно од подносителот кој го застапува, односно од чие име и за чија сметка е изразено незадоволство во претставката , истиот со допис УПП.бр. 08-48 од 06.02.2023 година беше известен за наведеното од Заклучокот.Воедно , во дописот е наведено дека доколку полномошникот не достави до Советот полномошно во рок од 8 дена , ќе се смета дека се откажал од претставката и истата ќе се архивира.Во конкретниот случај , како до денот на одржување на седницата 28.02.2023 година подносителот нема доставено полномошно, следуваше истата да се архивира. Беше доставено и известување до подносителот на претставката за тоа,а во Советот, по одржаната седница на Советот и донесената одлука беше доставено полномошно од странките за адвокатот- дека е полномошник , заведено под УПП.бр. 48/2 од 01.03.2023 година, дека може во секое време да поднесат нова претставка,а полномошното беше вратено во прилог на известувањето.

Претседателот на советот **Весна Дамева** и даде збор на членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки УПП бр.08-8/2023, УПП бр.08-21/2023 и УПП бр.08-54/2023.

По гласањето констатира дека едногласно со 9 гласа “За” и ниту еден глас “Против” се усвоени предлозите на известителот по наведените претставки.

Членовите на Советот **Мирсад Суроји и Сашко Георгиев** ја напуштија седницата од оправдани причини.

Предлогот на известителот по претставката УПП бр.08-33/2023 го стави на поединечно гласање.

По гласањето констатира дека со 6 гласа “За” и 3 “Против” прифатен е предлогот на известителот со мнозинство гласови.
Согласно наведеното донесена е следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр. 08-8/2023**. Подносителот во претставката бара утврдување на одговорност на судиите на Виш управен суд кој постапувале во постапката по жалба УЖ1-1013/19 оформен по жалба на пресудата на Управниот суд У1-3/19 и У1-229/19 од 05.06.2019 година со која пресуда неговата тужба за поништување на потврда за одбивање на пријава за запишување на промена во катастар на недвижности од 30.11.2018 година, а поради несоодветност на податоците во пријавата е одбиена како неоснована. Со пресудата на Вишиот управен суд жалбата е одбиена како неоснована и со наведените одлуки како на Управниот, така и на Вишиот управен суд смета дека е овозможено да остане во сила незаконскиот акт на Агенцијата за катастар на недвижности. Бара од Судскиот совет да изврши увид во предметите, да се преземат соодветни мерки и предметот да биде вратен на првостепениот суд со цел да се донесе нова законита пресуда и да се поништи незаконскиот акт на Агенцијата за катастар на недвижности.По извршените извиди по претставката, а заради проверка на основаноста на наводите во истата констатирано е дека подносителот до Судскиот совет веќе има доставено претставка која е евидентирана под бр. УПП-08-354/1 од 12.10.2022 година, а против судијата на Управниот суд кој постапувал во прв степен по неговата тужба. По добиена изјава од судиите на Вишиот управен суд кои постапувале по жалбата изјавена против одлуката на Управен суд У1-3/19 и У1-229/19 произлегува дека првостепената пресуда била правилно и законито донесена, согласно одредбите од чл. 174, чл. 175 ст. 4, чл. 176 и чл. 207 од Законот за катастар на недвижности и од тие причини Вашата жалба е одбиена како неоснована, а првостепената пресуда потврдена. Согласно одредбата од чл. 11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот, врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно одредбата од чл. 13 ст. 3 од истиот закон судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува, поништува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука.Предвид наведеното Судскиот совет најде дека наводите во преставката се неосновани.

Претставка **УПП бр. 08-21/2023**. До Судскиот совет доставена е претставка насловена како ургенција заведена под УПП бр. 08-21/1 од

21.01.2023 година и УПП бр. 08-21/2 од 23.01.2023 година со наводи кои се однесуваат на изразено незадоволство од постапување на одредени судии на Основен суд Куманово поради наводно нивно нестручно и незаконито постапување. Подносителот наведува дека до Судскиот совет на ден 26.05.2022 година доставил претставка, заведена под УПП бр. 08-227/22 од 30.05.2022 година, во која изразува незадоволство од начинот на распределба на судските предмети П1-51/19, П1-57/21, П1-110/21 и П1-111/21 на Основен суд Куманово. Истакнува дека добиеното известување од Судскиот совет од 22.12.2022 година е нејасно и нецелосно, односно дека со истото е известен само за начинот на распределба на два предмети П1-110/21 и П1-111/21, но не и за останатите два предмети. Од тие причини, а заради испитување на основаноста на наводите во претставката прибавен е предметот УПП бр. 08-227/22 со сите списи и побарано е произнесување од ВД претседателот на Основниот суд Куманово и изјави од судиите против кои е изразено незадоволството. По добиените изјави од истите се констатира дека по предметите П1-51/19 и П1-57/21 кои веќе се правосилно окончани биле искористени редовните правни лекови, односно жалбите и првостепените пресуди се потврдени од Апелациониот суд Скопје. По однос на останатите наводи коишто се наведени во претставката дека подносителите добивале закани да ја повлечат претставката, се констатира дека се паушални и без поткрепа, па Судскиот совет не може де се впушта во оценување на истите. Предвид наведеното, станува збор за судски одлуки кои согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Од погоре наведените причини Судскиот совет најде дека наводите во преставката се неосновани.

Претставка **УПП бр. 08-33/2023**. Подносителот во претставката изразува незадоволство од работата на судијата на Основен суд Радовиш, по предметот К-119/22. Наведува дека судијата постапувајќи по кривичен предмет за издавање на казнен налог каде се јавува како полномошник на оштетениот, судијата требало да се изземе, од причини што во претходни два случаи којшто биле парнични предмети пред истиот суд, а тој се јавува како адвокат-полномошник, судијата барал, а бидејќи истовремено е и претседател на судот да биде изземен од претседателот на надлежниот апелационен суд, заради нивните кумски односи. При вршење на извиди по предметот, од страна на судијата доставено е произнесување по наводите на претставката. Судијата наведува дека кога го примила во работа предметот К-119/22 по предлог на ОЈО за издавање на казнен налог за кривично дело неплаќање на издршка по чл. 202 ст. 1 од КЗ, бидејќи станува збор за казнен налог, за неконтрадикторна постапка, се впуштила во утврдување дали се исполнети условите согласно чл. 497 од ЗКП, за донесување на пресуда во конкретниот случај и кога се констатира дека Јавниот обвинител располага со доволно докази, судот се согласува со предлогот на ОЈО во такви постапки, неконтрадикторни, носи пресуда без одржување на главна расправа, без судење. Донесената пресуда е доставена до обвинетиот и неговиот бранител кои имаат право на приговор во рок од 8 дена по прием на пресудата. Од судот е направен обид за достава на

пресудата до законскиот застапник на оштетениот, но пратката се враќала со напомена дека е иселена. Судијата укажува дека не го приметила полномошното на име на адвокатот кое било заедно со предлогот на ОЈО во предметот, го дала предметот во работа на стручниот соработник и изготвената пресуда била доставена до обвинетиот кој не вложил жалба во законскиот рок. Судот откако констатирал дека полномошно на име на адвокатот се наоѓа во списите на предметот, пресудата му ја доставува лично на рака. Судскиот совет ги ценеше наводите од претставката дека се повредени законските правила за изземање во случајот, меѓутоа со оглед на фактот дека станува збор за неконтрадикторна постапка во која Судот се согласил со предлогот на ОЈО за издавање на казнен налог, нема сторено никаква штета и не може да биде донесена поинаква законита одлука од веќе донесената, Судскиот совет најде дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-54/2023**. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Тетово во постапката П4-214/21 поведена по тужба за раскинување на договор за доживотна издршка. Незадоволството се однесува на неправилно определена вредност на спорот во тужбата која била определана неправилно на 40.000,00 денари, а смета дека требало да биде многу повисока и да може да се користи во конкретниот случај вонредниот правен лек, односно ревизијата. Исто така, изразува незадоволство и поради тоа што смета дека долго се водела постапката пред првостепениот суд, а одолговлекувањето на постапката продолжило и пред второстепениот суд кога по жалба на првостепената пресуда бил оформен предметот ГЖ-947/22 пред Апелациониот суд Гостивар. Додека течела постапката по жалба има поднесено три ургенции за приоритет на постапување по предметот од причина што во случајот тужителката била во поодминати години, била на возраст од 85 години, па било неизвесно до кога ќе живее. По извршените извиди и увид во апликацијата на Судскиот совет - Контрола на судови како и добиеното произнесување на судијата известител од Апелациониот суд Гостивар констатирано е дека се неосновани наводите за одолговлекување на постапката и пред двата суда. Ова од причина што тужбата е поднесена на 17.08.2021 година. Првостепената одлука е објавена на 30.05.2022 година, а верификувана на 20.06.2022 година. По добиената жалба од 11.07.2022 година предметот со сите списи е доставен до повисокиот суд на 22.09.2022 година. Подносителот од 22.09.2022 година до крајот на годината пуштил три ургенции до второстепениот суд со барање за приоритетно постапување по предметот. На 02.02.2023 година е известен од претседателот на судот дека му е дозволено предметот да биде земен во работа и да се реши по приоритет и дека предметот е земен веќе во работа и наскоро ќе биде донесена одлука.Наводите за неправилно утврдена вредност на спорот, имајќи во предвид дека станува збор за раскинување на договор се неосновани, а освен тоа се и жалбени наводи кои се предмет на испитување и оценување од страна на повисокиот суд. Предвид образложеното Судскиот совет констатира дека наводите во претставката се неосновани.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека претставката УПП-67/23 треба да се достави до Државната комисија за спречување на корупција со цел да се испитаат наводите во истата. Координаторот за Основен суд Кавадрци нема можност да ги испита наводите во претставката.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека е потребно претставката де се достави до Здруженито на судии и етичкиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** која наведе дека како координатор за Основен суд Кавадарци по однос на претставката УПП-67/23 за повредата на етичкиот кодекс предметот бил доставен до Здруженито на судии и етичкиот совет. По одржана седница истите се произнеле по наводите во претставката минатата година.

Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека минстата година за оваа работа било расправано и во Судскиот совет и потоа не било констатирано ништо во тој дел, а за имотната состојба не било расправано.

Откако никој повеќе не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно со 9 гласа “За” и ниту еден глас “Против” едногласно е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставката **УПП-15/23**, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 28.02.2023 година и одлучи по истата да не постапува. Советот со барање од 07.2.2023 година побара дополнување на претставка од подносителот согласно чл.5 од Правилникот за начинот на постапување по претставки и предлози. Подносителот достави дополнување на претставка од 17.02.2023 година, па по испитување на наводите изнесени во истата Советот констатира дека наводите не се во негова надлежност на постапување. Се контатира дека од страна на подносителот се поднесени повеќе вакви претставки/дописи со слична содржина за постапување на МВР, јавен обвинител, судија, но истите е со нејасна и неразбирлива содржина.

Претставката **УПП-42/23**, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 28.02.2023 година и одлучи по истата да не постапува. Советот со барање од 07.2.2023 година побара дополнување на претставка од подносителот согласно чл.5 од Правилникот за начинот на постапување по претставки и предлози. Подносителот достави дополнување на претставка од 17.02.2023 година, па по испитување на наводите изнесени во истата Советот констатира дека подносителот во повеќе наврати поднесува дописи со иста содржина. Во врска со истото со допис бр.03-939/2 од 23.05.2022 година е известен дека во

врска со предметот 21 П1-507/11 искористени се сите расположливи правни средства и постапката е правосилно завршена.

Претставката **УПП-58/23**, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 28.02.2023 година и одлучи по истата да не постапува. Советот со барање од 10.2.2023 година побара дополнување на претставка од подносителот согласно чл.5 од Правилникот за начинот на постапување по претставки и предлози. Подносителот не постапи по барањето за доуредување на претставката, па со оглед на истото претставката ќе се архивира.

Претставката **УПП-67/23**, поднесена анонимен подносител, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 28.02.2023 година и одлучи по истата да не постапува. Согласно член 8 став 1 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на РМ, бр.82/2008; бр.13/2013; бр.156/2015 и бр.193/2015 ) органот кој постапува по претставките и предлозите нема да постапува по анонимна претствка, односно предлог, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврдено со закон.

Претседателот на советот **Весна Дамева** предлага да се стави на гласање предлогот претставката УПП-67/23 да се достави до Државната комисија за спречување на корупција.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека се работи за паушални наводи, а се процесуира до Државната комисија за спречување на корупција. Наведе дека ваквото постапување е селективно и врз основа на кои наводи ќе се праќа до Државната комисија за спречување на корупција. Досега немало таква пракса во Советот дополнително да се гласа за тоа.

Претседателот на советот **Весна Дамева** наведе дека се работи за допрен глас и Комисијата постапува по таков глас. Тоа е во интерес на борбата против корпуцијата.

Претседателот на советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот претставката УПП-67/23 да се достави до Државната комисија за спречување на корупција.

По гласањето се констатира дека со 5 гласа “За” и 4 “Против” прифатен е предлогот на Претседателот на советот со мнозинство гласови.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека се сомнева во гласањето и бара поединечно гласање.

Претседателот на советот **Весна Дамева** го стави на поединечно гласање предлогот на членот на Советот **Лорета Горгиева .**

По поединечното гласање се констатира дека со 5 гласа “За” и 4 “Против” прифатен е предлогот на Претседателот на советот со мнозинство гласови.

Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека електронското гласање е исто така јавно.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**

(Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година)

● Во врска со 7-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека согласно законската надлежност од член 36 став 1 алинеја 17 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот поднесува годишен извештај за работата, а во член 100 од истиот закон Годишниот извештај се поднесува до Собранието на РСМ најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година и дека истиот се објавува јавно на ВЕБ страницата на Советот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори дискусија.

За збор се јави Членот на Советот **Ханиф Зендели** кој наведе дека е можеби технички пропуст на страна 19 од извештајот за ОС Крушево дали бројката на крај се совпаѓа со бројката које е пресметана. Исто така ОС Крушево првата линија, стои 3 коцка нула, а истото го има и долу, за што смета дека има технички пропуст. Ова го има во вкупно на истата страна каде е наведено 3.099, коцка стои пред тоа. Таа бројка потоа дава друга бројка на крај.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** се обрати на Генералниот секретар **Весна Толева** за да се провери точната бројка и на крајот вкупниот збир, бидејќи иако има одредно поместување, тоа ќе предизвика понатаму поместување на сите податоци.

Членот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека тоа го имало во првата табела за АС Битола и за АС Скопје на истата страна кај бројката 3.099.

За збор се јави Членот на Советот **Павлина Црвенковска**. Наведе дека на страна 30 од извештајот кога се правел извештајот и напомени на генералниот секретар дека треба да се стави **и** одржување на регионална конференција во месец септември на Судските совети на Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, под покровителство на проектот Матра и Холандската Амбасада за што бил потпишан и меморандум за идна соработка, која конференцијата се одржала во Скопје.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева.** Надвор од извештајот, наведе дека на многу скенирани материјали има презаведување со резолуција, од известување по претставки некаде во ист ден, а некаде со голем временски период. Досега вакво нешто немало во Советот. Треба да се информира од кои причини одредени известувања после поголем временски период се презаведени во претставки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека забелешката била на место, но поголем период не е Претседател на Советот, но прифаќа

се. Целата пошта се дава на Претседателот на Советот особено тоа што не може да се детектира дека е претставка за што се става резолуција и за тоа не треба да се има сомнеж.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска.** Наведе дека нема забелешки, туку само предлог во воедниот дел за употреба на термини, конкретно за зборот “ќе” како идно време во 2023 година, па предлага “во текот на 2023 година Советот во рамките на своите заложби за доследна примена...” да не стои зборот “ќе”. Да се зборува во сегашно време трајно.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека оваа забелешка е прифатлива и да се изменат само тие зборови без да се смени содржината. Тоа е во последниот пасус од третата и првиот пасус од четвртата страна.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа.** Наведе дека треба да се прецизира на страна 30 каде стои “учество на Европската мрежа”, да стои “учествува на Генерално собрание на Европската мрежа на Судските совети”.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека оваа забелешка треба да се нотира.

За збор се јави Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми.** Наведе дека во Извештајот цело време станувало збор за доверба на судството, изборот на судии и правичната застапеност на судиите. Во 2022 година бројот на избрани судии Албанци бил 0. Тоа не било вина на Советот. Тоа е така бидејќи кандидатите се бираат од Академија. Укажува дека Советот на оваа работа треба сериозно да пристапи, бидејќи и за оваа генерација од 30 кандидати, 3 судии се Албанци. На овој начин ќе паѓала повеќе довербата во судството. Ќе произлезе дека се бираат само судии Македонци. Еден дел од довербата било и во тоа. Највероватно уште 2-3 години нема да се бираат судии Албанци и во извештајот ќе стои 0. Треба да се укаже на Академијата да има предвид кога ја доставува конечната ранг-листа. Сега ќе има наш претставник во Управниот одбор на Академијата и истиот же може да се залага при приемниот испит да се стави квота за бирање на другите националности, и при делење на слушателите на обвинители и судии. Законот сеуште не бил поминат и во истиот требало да има измени и оваа пречка да се тргне.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** наведе дека согласно законското решение нема квоти во делот на националноста.

Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека во претходните години Управниот одбор на Академијата самиот определил квоти после наводите дека Советот нема да бира судии ако не се воведат квоти. Ова претставува доверба за луѓето.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека листата на кандидати е распределна во материјалите за работа за работниот состанок во

Четвртоk констатирана била наведената состојба. При наредно распишување на оглас да се даде овој предлог и да се укаже на Академијата.

Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека од одамна се бара да биде таблата на назив на Судски совет на РСМ на двојазичност, уште кога претседатели биле Зоран Караџовски и Киро Здравев.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека Законот за употреба на јазиниците е од 2019 година и треба да се преземат соодветни чекори, функционалната анализа била заглавена во Министерството за финансии, а сега по записникот од инспекцијата за употреба на јазиците ќе прати ургенција. Заради почитување на Законот за јазиците била сменета систематизацијата, како на пример местото статистичар кое е тргнато за да се постапи по барањето на Министерството за политички систем.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата е исцрпена, па Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање Годишниот извештај за работата на Судскиот совет на РСМ за 2022 година. 9 гласаа “за”, 9 гласале.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 9 гласа “За” е усвоен Годишниот извештај за работата на Судскиот совет на РСМ за 2022 година. Се задолжува Генералниот секретар да се објави овој извештај на ВЕБ страната со забелешките како што се нотирани, а потоа да се достави до Собранието на РСМ на разгледување.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на точка Разно од Дневниот ред.

**Точка 8**

(Разно)

● Во врска со 8-та точка Разно од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека под точка Разно е ставен материјал за Годишен план и Правилникот за систематизација на работните места, кои одлуки ги донесува самиот Претседател на Советот односно тоа е дискреционо право на Претседател на Советот.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа.** Наведе дека има забелешка во Правилникот за измена на систематизација со “track changes” во делот кај вработените е додаден уште еден став каде стои дека треба да вршат превод на актите на Албански јазик и обратно, во смисла на тоа дека се коси со Законот за вработување, со Уставот и Законот за употреба на јазиците бидејќи не можат вработените по однос на нивната етничка припадност да се стават во понеповолна позиција од другите, и со самото тоа дека се Албанци да се занимаваат со преводи, и покрај тоа што се економисти, правни и итн. Ние во службата имаме преведувачи, а исто така ќе се почне постапка на избор на компанија која нуди преведувачи услови, која е предвидена со годишниот план за јавни набавки, така да овие ставови што се додадени кои се однесуваат за вработените Албанци да се избрише, и да

остане како што е изготвено освен ставовите во наводници “по потреба врши превод на акти и другите документи што ги изготвува на Албански јазик и обратно”.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека забелешката е на место, меѓутоа во ситуација кога Судскиот совет на РСМ ќе има доволно човечки ресурси да ги изврши работите бидејќи ова е во интерес на члeновите за да може барем тиа акти што се изгтовуваат да бидат преведени, но штом се спротивставувате на ова, наведе дека ќе го тргне од систематизацијата и ќе потпише нова, без овој дел, но не може еден преведувач да преведува се и во тој случај тие акти што ги изготвуваат нема да бидат преведени, но по согласност на Членот на советот.

Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека се знае да проблеми прави за вработувањата, за анализата за тоа што по измена на анализата ќе се предвидат и други места кои моментално не можат да се пополнат, но оваа дилема може да се расчити бидејќи Советот има средства од Министерството за финансии, само дали треба со договор односно тендери што побрзо за да не ги земат парите спрема тоа како го прават другите институции.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека кога го кажала наведеното воопшто не мислела на дискриминација, а истовремено е и портпарол и ја средува ВЕБ страната итн односно обавува повеќе задачи. Генералниот секретар Весна Толева да изврши корекција на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места по сугестија на Членот на советот во делот каде што член 2 се брише целосно, а членовите 3, 4, 5, 6, и понатаму се поместуваат нагоре за 1 член, со напомена дека ова е по барање на Советот.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** и наведе дека не е добро за Советот во случај документите бидат на Албански јазик нема да бидат преведени, но Претседателот на Советот **Весна Дамева** укажа дека тие што ги пишуваат документите нема да можат да ги преведат документите ако тие самите не ги преведат поради недостаток на човечки ресурси. Наведе дека е чекор напред сите да помагаат.

Членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** наведе дека сите помагаат во таа смисла. Во месец март е предвидено за започне јавната набавка за преводи.

За збор се јави Генералниот секретар **Весна Толева** која наведе дека Советот се соочува со овој проблем подолг временски период бидејќи има само едно вработено лице кое преведува и тоа лице кога користи годишен одмор или оправдано е отсутно од други причини, нема лице кое би го заменило за да се преведе одреден документ.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова.** Наведе дека не била присутна на седницата кога се рагледувал извештајот од работната група за Основен суд Гостивар и според записникот имало

забелешки по однос на точка 2 од заклучните согледувања и имало дискусија од страна на Претседателот на Врховниот суд на РСМ, Беса Адеми дека треба да се преправи. Смета дека забелешката е на втората реченица од ставот 2 од заклучните согледувања дека кога станува збор за крај на годината предметите кои не биле заведени, а се примени по 15 Декември при нивното електронско заведување и распоредување во Јануари да се постапува по ред според датумот на приемен печат, која пракса во Врховниот суд на РСМ, по 15 Декември да не се заведуваат, не се применува. Ако се чита член 8 од Законот за управување со движење со предметите наведено е дека секој ден се преземаат дејствија, а најдоцна до крај на наредниот ден. Во ставот 4 е наведено дека по исклучок од ставовите 1 и 2 заведување на новопримени предмети во судовите по 25 декември се врши најдоцна во рок од 5 работни дена од следната календарска година освен итните предмети кои се заведуваат веднаш. Оттука ако го се почитува законот, во заклучокот треба да стои “Предметите кои не се заведени, а примени во судот по 25 Декември треба да се заведат во првите 5 работни дена од наредната календарска година”, бидејќи ако се оди по дискусиите, се оди надвор од законот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** укажа дека веќе е усвоен заклучокот, па е потребно да се направи корекција. Потоа предлогот на членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** го стави на гласање.

Се констатира дека предлогот е едногласно усвоен.

Бидејќи Дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Советот **Весна Дамева** ја затвори седницата.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Весна Дамева**

____________________________

**Изработил:** Владимир Станковиќ

**Одобрил**: Весна Толева